# АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

# ЗА 2011 ГОДИНА

## Содржина:

ВОВЕД

1. РЕЗИМЕ НА АНАЛИЗАТА

2. ТЕЛЕВИЗИСКИ ПАЗАР

- 2.1. Клучни наоди
- 2.2. Македонска телевизија
- 2.3. Телевизиски станици на државно ниво
  - 2.3.1. Главни огласувачки индустрии во ТВ-секторот
  - 2.3.2. Главни огласувачки компании во ТВ-секторот
- 2.4. Регионални телевизиски станици
- 2.5. Локални телевизиски станици

3. РАДИСКИ ПАЗАР

- 3.1. Клучни наоди
- 3.2. Македонско радио
- 3.3. Комерцијални радиостаници на државно ниво
- 3.4. Регионални радиостаници станици
- 3.5. Локални радиостаници станици

4. ПОДАТОЦИ ЗА ГЛЕДАНОСТ И ДОСЕГ

- 4.1. Удели на телевизиските станици во вкупната гледаност
- 4.2. Најгледани програмски содржини
- 4.3. Досег на радиостаниците

5. СТРУКТУРА НА СОПСТВЕНОСТА

- 5.1. Антиконцентрациски мерки во ЗРД
- 5.2. Сопственичка структура на радиодифузерите
- 5.3. Промени во сопственичката структура

# ВОВЕД

Првата анализа на пазарот на радиодифузната дејност, Советот за радиодифузија ја изработи во 2007 година и во неа беа презентирани податоците за економското работење на радиодифузерите во периодот од 2004 до 2006 година. Оттогаш наваму, Советот секоја година изработува годишни анализи на пазарот на радиодифузната дејност.

Во овој документ, анализирани се економските аспекти на работењето на јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните радиодифузери во 2011 година.

Засебно е анализирано економското работење на субјектите на телевизиската индустрија (Глава 1), а засебно на субјектите на радиската индустрија (Глава 2), согласно дефиницијата на релевантниот пазар на медиумите од аспект на производот (кој го сочинуваат производи или услуги кои од аспект на нивните карактеристики, цени или начинот на употреба се сметаат за заменливи за потрошувачот).

Во рамките на овие две глави засебно се анализирани состојбите на различните сегменти на пазарот според нивото на покривање, односно на субјектите што емитуваат програма на државно, регионално и локално ниво, согласно дефинирањето на релевантниот пазар на медиумите од аспект на географското подрачје (кој претставува област во која понудата и побарувачката на производите и услугите од аспект на конкуренцијата се прилично хомогени и се разликуваат од околните области).

Во последниот дел се претставени податоците за сопствениците на радиодифузерите и за извршените промени во сопственичката структура во анализираната година.

# РЕЗИМЕ

## Телевизиска индустрија

- Во 2011 година, дозвола да емитуваат телевизиска програма имаа вкупно 77 комерцијални телевизиски станици. Од нив, 5 за емитување програма преку терестријален предавател[1] на државно ниво, 13 за емитување програма преку сателитски предавател[2], 10 регионални и 49 локални телевизиски станици.

- Вкупните приходи што во анализираната година ги остварила Македонската телевизија изнесувале 953,47 милиони денари[3], што е за 73,89% повеќе отколку приходите што биле остварени претходната година. Ваквото зголемување во најголема мера се должи на променетиот начин на кој книговодствено се евидентирани приходите од радиодифузната такса (како приход во оваа година е прикажан фактурираниот износ на радиодифузната такса, а не реално наплатениот, како претходните години).

- Најголем дел од трошоците на Македонската телевизија биле направени за материјални трошоци (34,44%) и за плати и други надоместоци за лица директно поврзани со процесот на производство на програма (34,31%).

- Вкупните приходи што ги оствариле комерцијалните телевизиски станици што емитуваат програма на државно ниво (преку терестријален или преку сателитски предавател)[4] изнесувале 1.367,27 милиони денари. Најголеми приходи прикажале ТВ Сител (587,49 милиони денари) и ТВ Канал 5 (348,57 милиони денари). Од продажба на времето за рекламирање биле остварени 95,46% од вкупните приходи.

---

[1] ТВ А1 емитуваше програма до 31.7.2011 година. Поради несолвентност, односно поради неможност на субјектот да ги подмирува обврските кон доверителите, за ова правно лице беше започната стечајна постапка, а во моментот на пишување на овој документ трае постапката за ликвидација.

[2] Откако ТВ АЛБ го извести Советот дека престанува со емитување програма на 30 ноември 2011 година, Советот донесе Решение (бр.07-348) за престанување на важноста на дозволата. ТВ БМ имаше дозвола за вршење радиодифузна дејност уште од 2008 година, но никогаш не започна да емитува програма.

[3] Со оглед на тоа што јавниот сервис води единствена книговодствена евиденција за телевизиските и за програмските сервиси, само за потребите на оваа Анализа ги раздвоија податоците за Македонската телевизија и за Македонското радио.

[4] Во овој износ не се вклучени приходите што ги оствариле вкупно шест телевизиски станици коишто во периодот на прибирање на податоците веќе ја имаа изгубено дозволата за вршење радиодифузна дејност.

- Вкупните трошоци на комерцијалните телевизиски станици кои емитуваат програма на целата територија на РМ изнесувале 1.209,10 милиони денари. Повеќе од половината од овој износ биле трошоците што ги направиле ТВ Сител (400,21 милион денари) и ТВ Канал 5 (256,63 милиони денари).

- Само пет субјекти (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алсат-М и ТВ Наша) оствариле позитивен финансиски резултат. Останатите работеле со загуба.

- Регионалните телевизиски станици заеднички оствариле вкупни приходи во износ од 55,71 милион денари, што е најмал износ во последните четири години. Ова во најголема мера се должи на намалувањето на вкупните приходи на ТВ Ера (во 2011 година приходите на оваа телевизија се за 30 милиони денари помали отколку во 2010 година). Повеќе од половината од вкупните приходи биле од продажба на времето за рекламирање (58,65%), а позначајни приходи биле остварени и од донации и грантови (8,53%) и продажба на програми (8,50%).

- Десетте регионални телевизии потрошиле вкупно 123,81 милион денари, што е за 2,73% помалку отколку во 2010 година. Помалку од половината од вкупните трошоци биле директни трошоци за создавање програма (46,81%).

- Пет од регионалните телевизии оствариле позитивен финансиски резултат и исто толку негативен финансиски резултат.

- Вкупните приходи на 49-те локални телевизии изнесувале 151,91 милион денари. Во периодот од последните четири години, 2011 година била најповолна за субјектите на овој сегмент од телевизиската индустрија. Од реклами биле остварени 86,22% од вкупните приходи.

- Локалните телевизии заеднички потрошиле вкупно 124,83 милиони денари, од кои најголем дел (22,53%) за плати и надоместоци за лицата директно поврзани со производство на програма.

## Радиска индустрија

- Во 2011 година, дозвола да емитуваат радиска програма имаа вкупно 77 комерцијални телевизиски станици. Од нив, 3 за емитување програма на територијата на Р. Македонија, 16 за емитување програма на регионално ниво и 58 на локално ниво.

- Македонското радио прикажало вкупни приходи во износ од 317,92 милиони денари. Речиси подеднакво учество имаат приходите од

радиодифузната такса (49,76%) и приходите од категоријата „останати нераспоредени приходи“ (49,05%). Само 1,19% од приходите биле приходи од реклами.

- Вкупните трошоци на Македонското радио изнесувале 185,74 милиони денари, од кои 84,77% биле директни трошоци за создавање програма.

- Трите комерцијални радиостаници што емитуваат програма на државно ниво заеднички прикажале вкупни приходи во износ од 71,82 милиони денари. Повеќе од половината (56% биле приходите на радиостаницата Антена 5). Најголем дел од приходите (околу 70%) овие субјекти оствариле од продажба на времето за рекламирање.

- Вкупните трошоци на овие три субјекти изнесувале 51,80 милиони денари.

- Сите три радиостаници оствариле позитивен финансиски резултат.

- Регионалните радиостаници прикажале вкупни приходи во износ од 50,89 милиони денари, што е најмал износ во последните четири години. Само една радиостаница (Клуб ФМ) остварила повеќе приходи отколку претходната година. Останатите 15 субјекти ги намалиле приходите.

- Вкупните трошоци на овие 16 радиостаници изнесувале 53,82 милиони денари.

- Годината со добивка ја завршиле осум регионални радиостаници.

- Радиостаниците што емитуваа програма на локално ниво оствариле вкупно 37,36 милиони денари вкупни приходи, што е највисок износ во последните четири години. 93,14% од овие средства биле од продажба на времето за рекламирање.

- Заедничките трошоци на овие субјекти изнесувале 29,14 милиони денари, а 70,54% од нив биле директни трошоци за создавање програма.

- Во анализираната година, вкупно 36 локални радиостаници оствариле позитивен финансиски резултат.

# ТЕЛЕВИЗИСКА ИНДУСТРИЈА

# КЛУЧНИ НАОДИ

| | | | | | | во милиони денари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | удел во вкупната гледаност | вкупни приходи | приходи од реклами | вкупни трошоци | резултат од работењето | број на вработени |
| **МТВ (МТВ1, МТВ2 и Собраниски канал)** | 8,20 | 953,47 | 11,31 | 571,18 | 381,09 | 579 |
| **Сител** | 22,00 | 587,49 | 572,01 | 400,21 | 184,97 | 119 |
| **Канал 5** | 9,00 | 348,57 | 343,41 | 256,63 | 90,00 | 95 |
| **Телма** | 3,00 | 111,62 | 86,69 | 111,07 | 0,41 | 74 |
| **Алсат М** | 7,00 | 154,05 | 139,39 | 153,46 | 0,46 | 105 |
| **А1**[5] | 15,00 | нп | нп | нп | нп | нп |
| **сателитски ТВ** | 13,99 | 165,54 | 163,73 | 287,74 | -122,54 | 266 |
| **регионални ТВ** | | 55,71 | 32,67 | 123,81 | -67,57 | 54 |
| **локални ТВ** | | 151,91 | 130,97 | 124,83 | 26,12 | 183 |
| **ВКУПНО** | 78,19 | 2.528,36 | 1.480,18 | 2.028,93 | 492,94 | 1.475 |

- Во 2011 година, најголем удел во вкупната гледаност имала ТВ Сител (22%).
- Вкупните приходи изнесувале 2.528,36 милиони денари[6], а најголем дел од овој износ (37,7%) претставуваат приходите на јавниот сервис.
- И ТВ Сител и ТВ Канал 5, секоја посебно, потрошиле повеќе средства отколку сите регионални и локални телевизии заедно.
- Единствено сателитските и регионалните телевизии во целина оствариле негативен финансиски резултат.
- Просечниот број вработени во телевизиската индустрија во целина изнесувал 1.475 лица, од кои 39,25% во јавниот сервис и 60,75% во комерцијалните телевизии.

[5] Телевизија А1 емитуваше програма заклучно со 31.7.2011 година. Во моментот на изработка на овој документ веќе е започната постапката за ликвидација на овој субјект, па нема податоци за приходите што биле остварени во анализираната година.

[6] Во овој износ не се вклучени приходите што ги оствариле телевизиските станици што во периодот кога се прибираа податоците за економското работење на радиодифузерите веќе ја имаа изгубено дозволата за работа (ТВ А1, ТВ Џангл, ТВ Перспектива и ТВ А2).

# МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА

Податоците презентирани во овој текст беа доставени од страна на Македонската телевизија, на посебен образец подготвен од страна на Советот за радиодифузија, а нивната валидност беше проверена преку споредба со податоците од Годишниот извештај за финансиското работење на ЈП Македонска радио телевизија во 2011 година, усвоен од страна на Собранието на РМ.

Со оглед на тоа што јавниот радиодифузен сервис не води засебно книговодство за Македонска телевизија и за Македонско радио, единствено за потребите на оваа Анализа направи разделување на податоците за финансиското работење за телевизиските и за радиските сервиси.

Во 2011 година, вкупните приходи што ги остварила Македонската телевизија изнесувале 953,47 милиони денари. Во периодот од последните четири години, приходите на Македонската телевизија биле највисоки во 2011 година, и тоа за 55,83% отколку приходите во 2008 година, за 173,34% отколку во 2009 година, и за 73,89% повисоки отколку приходите во 2010 година.




Од структурата на приходите може да се забележи дека јавниот сервис во анализираната година остварувал приходи само по три основи: од радиодифузната такса, од продажба на времето за рекламирање и приходи од категоријата „останати нераспоредени приходи“.

| Структура на приходите на Македонската телевизија во 2011 година | во милиони денари | учество |
|---|---|---|
| Радиодифузна такса | 474,46 | 49,76% |
| Реклами и телешопинг | 11,31 | 1,19% |
| Спонзорства | 0,00 | 0,00% |
| Приходи од други програми | 0,00 | 0,00% |
| Донации и грантови | 0,00 | 0,00% |
| Продажба на програми | 0,00 | 0,00% |
| Останати нераспоредени приходи | 467,70 | 49,05% |
| **Приходи од основна дејност** | 953,47 | 100% |
| Приходи од други дејности | 0,00 | 0,00% |
| Вонредни приходи | 0,00 | 0,00% |
| **Вкупно приходи** | 953,47 | 100% |

Најзначајно учество во структурата на приходите на Македонската телевизија има радиодифузната такса (49,76%).[7]




Во 2011 година, Македонската телевизија остварила приходи од продажба на времето за рекламирање во износ од 11,31 милион денари, што претставува 1,19% од вкупните приходи. Во периодот од последните четири години во анализираната година ова се најниски приходи од рекламирање. Во споредба со 2008 година, приходите се пониски за 82,56%, во споредба со оние од 2009 година се пониски за 61,6%, а во споредба со приходите од рекламирање остварени во 2010 година, за 71,41%.

[7] На седницата на Собранието на РМ на којашто се разгледуваше финансискиот извештај на јавниот сервис, од страна на претседателот на управниот одбор на МРТВ беше образложено дека во 2011 година, согласно препораките од Државниот завод за ревизија, износот што е прикажан како приход од радиодифузната такса е фактурираниот износ (вредноста на испратените сметки за наплата на радиодифузната такса), а не реално наплатениот. Тоа е причината што во 2011 година износот на остварените приходи од радиодифузната такса е забележливо повисок отколку претходните години.




Значајно учество од 49,05% од вкупните приходи имаат „останатите нераспоредени приходи“, во кои се опфатени приходите што јавниот сервис ги остварил по неколку основи: од закупнини, приходи од камати, курсни разлики, отпишани подарувања, приходи од минати години и буџетски средства од Владата на РМ за финансиска поддршка. Вкупниот износ на овој вид приходи изнесувал 467,7 милиони денари.




Вкупните трошоци на Македонската телевизија изнесувале 571,19 милиони денари, што е за 8,23% повеќе отколку во 2010 година. Најголем дел од средствата биле потрошени за плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма (34,31%) и за материјални трошоци (33,44%).

Речиси подеднакво учество имаат трошоците за набавка на програма (8,75%), нематеријалните трошоци – услуги (8,39%) и трошоците за плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма (8,58%).

| | | во милиони денари | |
|---|---|---|---|
| | Структура на трошоците на Македонската телевизија | 2011 | учество |
| 1 | Материјални трошоци | 191,00 | 33,44% |
| 2 | Трошоци за набавка на програма | 49,97 | 8,75% |
| 3 | Нематеријални трошоци (услуги) | 47,93 | 8,39% |
| 4 | Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 195,96 | 34,31% |
| 5 | Директни трошоци за создавање на програмата (1+2+3+4) | 484,86 | 84,89% |
| 6 | Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 48,99 | 8,58% |
| 7 | Амортизација на опремата | 14,19 | 2,48% |
| 8 | Амортизација на права и лиценци | 0,00 | 0,00% |
| 9 | Кирии и останати режиски трошоци | 1,47 | 0,26% |
| 10 | Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 21,67 | 3,79% |
| 11 | Вкупно трошоци на работењето (5+6+7+8+9+10) | 571,18 | 100,00% |
| 12 | Расходи од други активности | 0,00 | 0,00% |
| 13 | Вонредни расходи | 0,00 | 0,00% |
| | Вкупни трошоци (11+12+13) | 571,18 | 100,00% |

Финансискиот резултат од работењето бил добивка во износ од 381,09 милиони денари.

Во 2011 година, во редовен работен однос биле ангажирани вкупно 579 лица, односно три лица повеќе отколку претходната година.

Врз основа на податоците од *Nielsen media research,* во анализираната година, емитуваните рекламни спотови на јавниот телевизиски сервис претставуваат само 1,14% од вкупната вредност на емитуваните рекламни спотови на сите телевизиски станици.

Учеството на приходите од рекламирање на Македонската телевизија во вкупните приходи од рекламирање на телевизиите на државно ниво според книговодствените вредности изнесува 0,87%.

Врз основа на овој податок можеме да заклучиме дека комерцијалните телевизии немаат сериозен конкурент во јавниот сервис во делот на остварување приход врз основа на огласување (рекламирање).

# КОМЕРЦИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Во 2011 година, дозвола да емитуваат програма на државно ниво имаа вкупно 18 телевизиски станици. Од нив, во текот на целата година радиодифузна дејност вршеа вкупно 15 субјекти. Две телевизиски станици (ТВ А1[8] и ТВ АЛБ[9]) емитуваа програма само во дел од годината, а ТВ БМ на која ѝ беше доделена дозвола за вршење радиодифузна дејност уште во 2008 година, никогаш не започна да емитува програма.

Во текот на 2011 година, два субјекта (ТВ А1, ТВ АЛБ) ја изгубија дозволата за вршење радиодифузна дејност и поради тоа нема податоци за економското работење на овие радиодифузери[10] и четири субјекти (ТВ Џангл, ТВ Перспектива односно Скај нет плус, ТВ А2 и ТВ БМ) кои ја изгубија дозволата во 2012 година исто така не доставија податоци за своето работење за 2011 година.

Оттука, нема можност да се пресмета поединечното учество на телевизиските станици во вкупните приходи што се остварени во овој сегмент од телевизиската индустрија.

Дванаесетте телевизии, кои доставија податоци до Советот, заеднички оствариле вкупни приходи во износ од 1.367,27 милиони денари.




[8] Телевизија А1 престана да емитува програма на 31 јули 2011 година, а во моментот на изработка на овој документ започната е ликвидационата постапка за ова правното лице.
[9] Откако телевизија АЛБ до Советот достави писмена изјава дека престанува со емитување програма, Советот на 30 ноември 2011 година донесе Решение (бр. 07-348) за престанување на важноста на дозволата.

Приближно 88% од овој износ се приходите на четирите телевизии што емитуваат програма преку терестријален предавател (ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Алсат-М и ТВ Канал 5). Осумте сателитски телевизии заеднички оствариле само 12% од вкупните приходи на овој сегмент од телевизиската индустрија.

Доминантен извор на приходи за телевизиите на државно ниво биле приходите од реклами, од кои се остварени 95,46% од вкупниот износ. Без исклучок, сите дванаесет субјекти прикажале приходи од продажба на времето за рекламирање. Сепак, забележливи се значајни разлики во прикажаните износи. Имено, 97% од буџетите за рекламирање на телевизиите што емитуваат програма на територијата на целата држава, огласувачите издвоиле за рекламирање на само шест телевизии (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Алсат-М, ТВ Телма, ТВ Алфа и ТВ Наша). Останатите шест телевизии успеале да привлечат само 3% од средствата за рекламирање.

| Структура на приходите на комерцијалните телевизии на државно ниво во 2011 година | во милиони денари | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 1.305,23 | 95,46% |
| Спонзорства | 0,00 | 0,00% |
| Приходи од други програми | 0,00 | 0,00% |
| Донации и грантови | 0,00 | 0,00% |
| Продажба на програми | 0,00 | 0,00% |
| Проекти од јавен интерес | 0,00 | 0,00% |
| Останати нераспоредени приходи | 36,15 | 2,64% |
| **Приходи од основна дејност** | 1.341,38 | 98,11% |
| Приходи од други дејности | 22,24 | 1,63% |
| Вонредни приходи | 3,71 | 0,27% |
| **Вкупно приходи** | 1.367,27 | 100,00% |

Приходите од категоријата „останати нераспоредени приходи“ во вкупните приходи учествуваат со 2,64%, а останатите 1,9% биле приходи од други дејности или вонредни приходи.

Ниту една телевизија не прикажала приходи од спонзорства, донации и грантови, ниту приходи од продажба на сопствено произведена програма.




Сите телевизиски станици во анализираната година оствариле повеќе приходи отколку во 2010 година, освен ТВ Пинк 15, чии вкупни приходи бележат пад од 46,68% во однос на претходната година.

| | | | | | во милиони денари |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ-станица | Вкупни приходи 2009 | стапка на раст 2010/2009 | Вкупни приходи 2010 | стапка на раст 2011/2010 | Вкупни приходи 2011 |
| ТВ Сител | 348,68 | 16,71% | 406,94 | 44,37% | 587,49 |
| ТВ Канал 5 | 276,96 | -26,12% | 204,63 | 70,34% | 348,57 |
| ТВ Алсат-М | 96,99 | 6,62% | 103,41 | 48,97% | 154,05 |
| ТВ Телма | 106,87 | 2,98% | 110,05 | 1,43% | 111,62 |
| ТВ АЛФА | 1,96 | 1952,04% | 40,22 | 52,01% | 61,14 |
| ТВ НАША ТВ | 46,54 | -39,28% | 28,26 | 111,64% | 59,75 |
| ТВ АБ Канал | 3,64 | -35,16% | 2,36 | 483,47% | 13,77 |
| ТВ Канал 5 Плус | 2,61 | 83,14% | 4,78 | 147,49% | 11,83 |
| ТВ Пинк 15 | 0,00 | - | 15,23 | -46,68% | 8,12 |
| ТВ 24 ВЕСТИ | 0,00 | - | 0,00 | - | 6,08 |
| ТВ Сител 3 | 0,00 | - | 0,00 | - | 3,08 |
| ТВ Сонце | 0,00 | - | 0,00 | - | 1,77 |

Во 2011 година, вкупните трошоци што ги направиле комерцијалните телевизиски станици на државно ниво изнесувале 1.209,10 милиони денари. Повеќе од половината (55%) се трошоците што ги прикажале ТВ Сител (400,21 милион денари) и ТВ Канал 5 (256, 63 милиони денари).

| | | во милиони денари | |
|---|---|---|---|
| | Структура на трошоците на комерцијалните телевизии на државно ниво | 2011 | учество |
| 1 | Материјални трошоци | 88,74 | 7,34% |
| 2 | Трошоци за набавка на програма | 313,15 | 25,90% |
| 3 | Нематеријални трошоци (услуги) | 105,47 | 8,72% |
| 4 | Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 259,67 | 21,48% |
| 5 | Директни трошоци за создавање на програмата (1+2+3+4) | 767,03 | 63,44% |
| 6 | Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 100,34 | 8,30% |
| 7 | Амортизација на опремата | 125,45 | 10,38% |
| 8 | Амортизација на права и лиценци | 1,62 | 0,13% |
| 9 | Кирии и останати режиски трошоци | 44,00 | 3,64% |
| 10 | Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 159,41 | 13,18% |
| 11 | Вкупно трошоци на работењето (5+6+7+8+9+10) | 1197,85 | 99,07% |
| 12 | Расходи од други активности | 10,59 | 0,88% |
| 13 | Вонредни расходи | 0,66 | 0,05% |
| | Вкупни трошоци (11+12+13) | 1.209,10 | 100,00% |

Во структурата на трошоците најзначајно учество имаат трошоците за набавка на програма (25,90% од потрошените средства биле издвоени за откуп на правата за емитување програмски содржини). Најмногу средства за овој вид трошок издвоиле ТВ Сител (124,34 милиони денари) и ТВ Канал 5 (85,63 милиони денари).

Позначајно учество имаат и трошоците за плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма (21,48%).

| ТВ-станица | остварен резултат од работењето (во милиони денари) |
|---|---|
| ТВ Сител | 184,97 |
| ТВ Канал 5 | 90,00 |
| ТВ НАША ТВ | 31,72 |
| ТВ Алсат-М | 0,46 |
| ТВ Телма | 0,41 |
| ТВ Сител 3 | -0,91 |
| ТВ Канал 5 Плус | -13,93 |
| ТВ Сонце | -16,38 |
| ТВ Пинк 15 | -22,33 |
| ТВ АБ Канал | -22,58 |
| ТВ 24 ВЕСТИ | -27,42 |
| ТВ АЛФА | -50,71 |

Само пет телевизии оствариле позитивен финансиски резултат: ТВ Сител (184,97 милиони денари), ТВ Канал 5 (90 милиони денари), Наша ТВ (31,72 милиони денари), ТВ Алсат-М (0,46 милиони денари) и ТВ Телма (0,41 милион денари).

Останатите телевизии оствариле негативен финансиски резултат, а најголема загуба прикажала ТВ Алфа (50,71 милион денари).

Во комерцијалните телевизии на државно ниво биле вработени вкупно 659 лица. Од нив, најмногу во ТВ Алфа (121), во ТВ Сител (119) и во ТВ Алсат-М (105 лица).

Во споредба со претходната година, вкупниот број вработени е намален за 23 лица. Само три телевизии го зголемиле бројот на вработени во 2011 година: ТВ 24 Вести (за 34 лица) и ТВ Канал 5 и ТВ Телма (за по едно лице). Најмногу бил намален бројот на вработените во ТВ Наша (за 19 лица) и во АБ Канал (за 15 лица). Бројот на вработени во ТВ Сонце останал непроменет.

| ТВ-станица | Просечен број на вработени во редовен работен однос | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| ТВ АЛФА | 72 | 127 | 121 |
| ТВ Сител | 113 | 124 | 119 |
| ТВ Алсат-М | 119 | 115 | 105 |
| ТВ Канал 5 | 88 | 94 | 95 |
| ТВ Телма | 69 | 73 | 74 |
| ТВ 24 ВЕСТИ | 0 | 25 | 59 |
| ТВ АБ Канал | 50 | 45 | 30 |
| ТВ Канал 5 Плус | 37 | 32 | 28 |
| ТВ НАША ТВ | 35 | 35 | 16 |
| ТВ Сонце | 7 | 12 | 12 |
| ТВ Сител 3 | 0 | 0 | 0 |

# ГЛАВНИ ОГЛАСУВАЧКИ КОМПАНИИ КАЈ КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО

Во 2011 година, според податоците добиени од истражувачката агенција *Nielsen Media Research*, најзначаен огласувач за телевизиската индустрија во целост била компанијата „Кока-Кола". Вредноста на емитуваните рекламни спотови на „Кока-Кола" претставувала 3,44% од вкупната измерена вредност на емитуваните спотови на сите огласувачи во текот на оваа година.

На второто место е компанијата Еуроимпекс (овластена за продажба на возилата од марката „Пежо"). Компанијата „Оне", која во 2010 година беше на првото место, во 2011 година е на третото место.

Во 2011 година, на списокот на најголеми огласувачи се наоѓаат и двете најголеми политички партии – СДСМ на 11-тото место и ВМРО-ДПМНЕ на 23-то место.

| р.б. | огласувач | учество | р.б. | огласувач | учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кока-Кола | 3,4362% | 26 | WRIEGLEY | 0,9732% |
| 2 | Еуроимпекс | 2,9842% | 27 | Време | 0,9236% |
| 3 | Оне | 2,5797% | 28 | Фикосота | 0,8986% |
| 4 | Влада на РМ | 2,5605% | 29 | Стопанска банка | 0,8408% |
| 5 | „Procter&Gamble" | 2,5385% | 30 | Македонски телеком | 0,8074% |
| 6 | Пивара Скопје | 2,1668% | 31 | Аутомобиле СК | 0,7963% |
| 7 | ВИП | 2,1031% | 32 | Офис плус | 0,7771% |
| 8 | Макпетрол | 1,7259% | 33 | ЕВН | 0,7548% |
| 9 | Алтернатива Медика | 1,5934% | 34 | Вивакс | 0,7486% |
| 10 | Магрони | 1,5232% | 35 | Жито лукс | 0,7175% |
| 11 | СДСМ | 1,5183% | 36 | Монтенегро | 0,7037% |
| 12 | Т-Мобиле | 1,4474% | 37 | Нептун шоп (ЕУРОМЕДИА) | 0,7004% |
| 13 | Тинекс | 1,4233% | 38 | Скопски саем ЕРА | 0,6906% |
| 14 | LA DANZA | 1,3954% | 39 | Паскалин | 0,6816% |
| 15 | S.C JOHNSON & WAX | 1,3542% | 40 | Киа моторс | 0,6792% |
| 16 | Студио Модерна | 1,2434% | 41 | HERBAL + | 0,6728% |
| 17 | Кожувчанка | 1,2202% | 42 | Кејбл тел | 0,6372% |
| 18 | Унилевер | 1,1962% | 43 | Дрога колинска | 0,6281% |
| 19 | Аутонова | 1,1586% | 44 | Аутомотив груп | 0,5981% |
| 20 | HENKEL | 1,1498% | 45 | RECKITT BENCKISER | 0,5833% |
| 21 | Беохемија | 1,0583% | 46 | Кореа Аутотрејд | 0,5709% |
| 22 | Алкалоид | 1,0448% | 47 | DAHLIA | 0,5622% |
| 23 | ВМРО-ДПМНЕ | 1,0308% | 48 | SCHWARZKOPF | 0,5613% |
| 24 | BEIERSDORF | 1,0108% | 49 | Витаминка | 0,5477% |
| 25 | NESTLE | 0,9732% | 50 | FINE | 0,5377% |

*Извор: Nielsen media research*

## ГЛАВНИ ОГЛАСУВАЧКИ ИНДУСТРИИ ВО ТВ-СЕКТОРОТ

Во 2011 година, индустрии кои најмногу се рекламирале биле прехранбената индустрија и индустријата за безалкохолни пијалаци (рекламните спотови за производите на овие две индустрии претставуваат 17,75% од вкупната вредност на емитуваните рекламни спотови). На второто место е транспортната индустрија со 10,37% од вкупната вредност. Со оглед на тоа што во анализираната година се одржаа предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, очекувано, на третото место се политичките огласувања.

| Огласувачки индустрии | учество |
|---|---|
| Прехранбени производи и безалкохолни пијалаци | 17,75% |
| Транспорт | 10,37% |
| Политички огласувања | 9,37% |
| Телекомуникации | 7,62% |
| Козметички производи | 6,35% |
| Услуги | 5,92% |
| Домашна хемија и домашни потреби | 5,62% |
| Медицински и санитетски артикли | 5,50% |
| Чај и кафе | 5,32% |
| Трговија | 4,79% |
| Хоби и слободно време | 4,08% |
| Медиуми | 3,67% |
| Банки, осигурителни друштва, менувачници | 3,27% |
| Индустрија, земјоделство, енергетика | 2,91% |
| Опрема за станбен и канцелариски простор | 2,57% |
| Детска опрема и исхрана | 1,28% |
| Електрични апарати за домаќинство | 0,70% |
| Компјутери | 0,68% |
| Образование | 0,61% |
| Канцелариски материјал | 0,61% |
| Облека, обувки и модни детали | 0,53% |
| Аудио и видео опрема | 0,34% |
| Останато и непознато | 0,14% |

*Извор: Nielsen media research*

Доколку се погледнат податоците за петте најзначајни огласувачки индустрии во телевизискиот сектор, во периодот од последните четири години, забележливо е дека прехранбената индустрија и индустријата за безалкохолни

пијалаци во континуитет се на првото место, со тоа што во последните две години се намалува учеството во вкупниот износ.

Телекомуникациската индустрија во 2008 година е на второто место, во 2009 и 2010 година на трето место, за да падне на четвртото место во последната година.

| 2008 | | 2009 | | 2010 | | 2011 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| храна и безалкохолни пијалаци | 21% | храна и безалкохолни пијалаци | 23% | храна и безалкохолни пијалаци | 17,60% | храна и безалкохолни пијалаци | 17,75% |
| телекомуникации | 12% | транспорт | 11% | транспорт | 10,70% | транспорт | 10,37% |
| транспорт | 12% | телекомуникации | 9% | телекомуникации | 8,33% | политичко рекламирање | 9,37% |
| политичко рекламирање | 9% | политичко рекламирање | 7% | медиуми | 7,25% | телекомуникации | 7,62% |
| детергенти | 5% | хоби и слободно време | 7% | услуги | 6,60% | козметички производи | 6,35% |
| други | 41% | други | 43% | други | 49,52% | други | 48,54% |

*Извор: Nielsen media research*

Иако учеството на емитуваните рекламни спотови за услугите на транспортната индустрија во вкупната вредност на емитуваните рекламни спотови во континуитет се намалувало, таа само во 2008 година е на третото место, а во последните три години е едно место погоре.

Единствено во 2010 година, меѓу петте најзначајни огласувачки сектори не се појавува политичкото рекламирање. Впрочем, единствено оваа не беше изборна година.

# ПАЗАРОТ НА ОГЛАСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ ВО 2011 ГОДИНА

Пазарот на огласување за време на парламентарните избори во 2011 година изнесува 2,99% од вкупниот пазар на огласување во 2011 година.

Во табелата подолу се дадени уделите на огласување на партиите кои имале платена политичка програма за време на избори.

| Огласувач | учество |
|---|---|
| СДСМ | 43,985% |
| ВМРО-ДПМНЕ | 25,965% |
| ВМРО-НП | 8,732% |
| ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА | 7,045% |
| НОВА ДЕМОКРАТИЈА | 5,454% |
| ЛДП | 2,717% |
| ДЕМОКРАТСКА ДЕСНИЦА | 2,608% |
| ДОСТОИНСТВО | 1,408% |
| ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА | 1,384% |
| ДУИ | 0,550% |
| НДП | 0,105% |
| ДУА | 0,043% |
| СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА УНИЈА | 0,005% |

*Извор: Nielsen media research*

Главен удел во платеното политичко рекламирање за време на изборите имаат најголемите партии во Република Македонија, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ со приближно 70%, од кои СДСМ има приближно 44%, а ВМРО-ДПМНЕ приближно 26% во уделот.

## Удели во приходите од рекламирање на ТВ-пазарот

Учеството на поодделните телевизиски станици што емитуваат програма на државно ниво, во вкупните приходи од рекламирање што биле остварени во 2011 година на овој сегмент на телевизискиот пазар, не е можно да се пресмета со оглед на тоа што вкупно шест субјекти (ТВ А1, ТВ АЛБ, ТВ Џангл, ТВ Перспектива, односно Скај нет плус, ТВ А2 и ТВ БМ) веќе ја имаа изгубено дозволата за вршење радиодифузна дејност, поради што нема податоци за економското работење на овие радиодифузери.




Во 2011 година, приходите од рекламирање што ги оствариле дванаесетте телевизиски станици што доставија податоци изнесувале 1.305,23 милиони денари.

Според податоците што радиодифузерите ги доставија до Советот за радиодифузија, 12,91% од овој износ биле приходи од платено политичко рекламирање за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ.

## ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Во анализираната година, програма на регионално ниво емитуваа вкупно 10 субјекти кои заеднички оствариле вкупни приходи во износ од 55,71 милион денари.




Од приказот погоре, видно е дека 82% од овој износ претставуваат приходите на само четири субјекти (ТВ Ера, ТВ Скопје, ТВ МТМ и ТВ БТР). Останатите шест телевизии оствариле само 18% од вкупните приходи на регионалниот телевизиски пазар.




Во периодот од последните пет години, најповолна за регионалните телевизии била 2009 година, кога се остварени вкупни приходи во износ од 88,23 милиони денари.

Во 2008 и во 2010 година, вкупните приходи биле пониски, но не толку забележливо како во 2007 и во 2011 година. Приходите што овие десет телевизии заеднички ги оствариле во анализираната година (во вкупен износ

од 55,71 милион денари) се повисоки единствено во споредба со 2007 година (за 12,84%). Стапката на раст во однос на приходите остварени во другите три години е негативна, и тоа: во споредба со 2008 година, приходите се намалени за 31,29%, со 2009 година за 36,85% и во споредба со 2010 година за 35,21%.




Во секоја од последните пет години, најзначајно учество во вкупните приходи имале ТВ Ера, ТВ Скопје и ТВ МТМ.

| во милиони денари | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ТРД | 2009 | 2010 | 2011 | стапка на раст 2011/2009 | стапка на раст 2011/2010 |
| Шутел | 2,01 | 1,65 | 2,48 | 23,38% | 50,30% |
| Скопје | 35,05 | 12,88 | 10,23 | -70,81% | -20,57% |
| Амазон | 1,86 | 1,32 | 1,08 | -41,94% | -18,18% |
| БТР | 3,26 | 4,32 | 8,27 | 153,68% | 91,44% |
| Едо | 0,46 | 2,9 | 3,37 | 632,61% | 16,21% |
| Ера | 27,85 | 47,53 | 17,67 | -36,55% | -62,82% |
| Пинк Мак | 1,64 | 2,25 | 0[11] | -100,00% | -100,00% |
| Крт | 0,74 | 0,49 | 0,36 | -51,35% | -26,53% |
| МТМ | 7,5 | 7,79 | 9,44 | 25,87% | 21,18% |
| Скај нет | 7,85 | 4,74 | 2,81 | -64,20% | -40,72% |
| вкупно | 88,22 | 85,87 | 55,71 | -36,85% | -35,12% |

Во 2011 година, само четири регионални телевизии оствариле повеќе приходи отколку претходната година (ТВ БТР, ТВ Шутел, ТВ МТМ и ТВ ЕДО), а останатите шест ги намалиле приходите. Негативната стапка на раст на заедничките приходи на десетте телевизии во најголема мера се должи на

[11] ТВ Пинк Мак во 2011 година има остварено вкупни приходи во износ од 1.667,00 милиони денари.

намалувањето на приходите на ТВ ЕРА (за 62,82% или во апсолутен износ за 29,86 милиони денари).

| Структура на приходи кај телевизиите на регионално ниво | 2011 | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 32,67 | 58,65% |
| Спонзорства | 0,00 | 0,00% |
| Приходи од други програми | 0,50 | 0,90% |
| Донации и грантови | 4,75 | 8,53% |
| Продажба на програми | 4,73 | 8,50% |
| Проекти од јавен интерес | 0,00 | 0,00% |
| Останати нераспоредени приходи | 12,65 | 22,71% |
| **Приходи од основна дејност** | 55,31 | 99,28% |
| Приходи од други дејности | 0,40 | 0,72% |
| Вонредни приходи | 0,00 | 0,00% |
| **Вкупно приходи** | 55,71 | 100,00% |

Најзначаен извор на приходи за регионалните телевизии била продажбата на времето за рекламирање, од што се остварени повеќе од половината (58,65%) од вкупните средства.

Позначајно учество (22,71%) имаат приходите од категоријата „останати нераспоредени приходи“, што се должи на високиот износ што го прикажала ТВ Скопје (10,23 милиони денари).

Речиси подеднакво учество имаат приходите од донации и грантови (8,53%) и приходите од продажба на програми (8,50%). Целокупниот износ на донации и грантови го прикажала ТВ БТР, а приходи од продажба на програми прикажале само две телевизии – ТВ МТМ (2,32 милиони денари) и ТВ Скај нет (2,42 милиони денари).

Вкупните трошоци што во 2011 година ги направиле регионалните телевизии изнесувале 123,81 милион денари. Речиси 80% од овие средства се трошоците што ги направиле само три телевизии (ТВ Скопје – 47,24 милиони денари, ТВ Пинк Мак – 27,49 милиони денари и ТВ Ера – 23,85 милиони денари).

Во 2011 година, регионалните телевизии потрошиле за 2,73% помалку средства отколку претходната година.

Помалку од половината (46,81%) од вкупните трошоци биле директни трошоци за создавање на програмата. Вкупно четири телевизии (ТВ Шутел, ТВ БТР, ТВ Ера и Пинк Мак) не прикажале трошоци за набавка на програма. Телевизија Пинк Мак не прикажала ниту трошоци за плати и надоместоци за лицата кои биле ангажирани во текот на годината.

| Структура на трошоците на регионалните телевизии | во милиони денари | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 12,37 | 9,99% |
| Трошоци за набавка на програма | 4,40 | 3,55% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 24,81 | 20,04% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 16,38 | 13,23% |
| Директни трошоци за создавање на програмата | 57,96 | 46,81% |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 0,77 | 0,62% |
| Амортизација на опремата | 35,71 | 28,84% |
| Амортизација на права и лиценци | 0,00 | 0,00% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 2,04 | 1,65% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 20,10 | 16,24% |
| Вкупно трошоци на работењето | 116,58 | 94,16% |
| Расходи од други активности | 6,95 | 5,61% |
| Вонредни расходи | 0,28 | 0,22% |
| Вкупни трошоци | 123,81 | 100,00% |

Високото учество на трошоците за амортизација на опремата се должи на високиот износ што го прикажала ТВ Скопје (24,96 милиони денари).

Само пет телевизии оствариле позитивен финансиски резултат. Најдобар финансиски резултат остварила ТВ БТР (добивка во износ од 3,04 милиони денари), а најлош ТВ Скопје (загуба во износ од 36,32 милиони денари).




Во 2011 година, просечниот број вработени во редовен работен однос изнесувал 54 лица.

| ТВ-станица | Просечен број вработени во редовен работен однос 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|
| ТВ Шутел | 2 | 2 | 2 |
| ТВ Скопје | 141 | 11 | 11 |
| ТВ Амазон | 2 | 2 | 2 |
| ТВ БТР | 1 | 1 | 1 |
| ТВ Едо | 3 | 3 | 3 |
| ТВ Ера | 22 | 22 | 16 |
| ТВ ПИНК МАК | 8 | 6 | 0 |
| ТВ Крт | 1 | 1 | 1 |
| ТВ МТМ | 16 | 15 | 17 |
| ТВ Скај нет | 1 | 1 | 1 |
| Вкупно | 197 | 64 | 54 |

Во споредба со претходната година, единствено ТВ МТМ го зголемила бројот на вработените (за две лица). ТВ Ера и ТВ Пинк Мак го намалиле просечниот број вработени за по шест лица, а останатите субјекти го задржале истиот број.

Вкупните приходи од рекламирање на регионалниот телевизиски пазар изнесувале 32,67 милиони денари.

Повеќе од половината од овој износ се приходите што ги остварила ТВ Ера (17,66 милиони денари). Позначајни приходи од продажба на времето за рекламирање прикажале и ТВ МТМ (5,35 милиони денари), ТВ Едо (3,37 милиони денари) и ТВ БТР (3,36 милиони денари).

Две регионални телевизии (Скај нет и Пинк Мак) воопшто не прикажале приходи од рекламирање.

**учество во вкупните приходи од рекламирање на регионалниот ТВ пазар**




Приходите што од платено политичко рекламирање ги оствариле регионалните телевизии изнесувале 3,76 милиони денари, односно 11,5% од приходите од рекламирање.

## ТЕЛЕВИЗИСКИ СТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Во 2011 година, вкупните приходи што ги оствариле 49-те локални телевизиски станици изнесувале 151,91 милион денари.




Во периодот од последните четири години, 2011 година била најповолна за субјектите на овој сегмент од телевизискиот пазар. Приходите остварени во 2011 година биле повисоки за 30,57% од приходите остварени во 2008 година, за 16,73% од приходите во 2009 година и за 47,95% од приходите остварени во 2010 година.




Забележливо е дека само девет телевизиски станици (ТВ Тера и ТВ Орбис од Битола, ТВ Кисс и ТВ Коха од Тетово, ТВМ од Охрид, ТВ Вис од Струмица, ТВ Ирис, ТВ Стар од Штип и ТВ Нова од Куманово оствариле 49% од вкупните приходи.

Во структурата на приходите, најзначајно учество имаат приходите остварени од продажба на времето за рекламирање (86,22%).

Речиси целокупниот износ на приходите од други програми го прикажала ТВ Тера од Битола (6,47 милиони денари).

| Структура на приходи кај телевизиите на локално ниво | 2011 | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 130,97 | 86,22% |
| Спонзорства | 0,36 | 0,24% |
| Приходи од други програми | 6,55 | 4,31% |
| Донации и грантови | 0,28 | 0,19% |
| Продажба на програми | 2,59 | 1,70% |
| Проекти од јавен интерес | 0,65 | 0,43% |
| Останати нераспоредени приходи | 0,68 | 0,45% |
| **Приходи од основна дејност** | 142,08 | 93,53% |
| Приходи од други дејности | 6,67 | 4,39% |
| Вонредни приходи | 3,15 | 2,08% |
| **Вкупно приходи** | 151,91 | 100,00% |

Приходи од спонзорства прикажале само четири субјекти (ТВ Чеграни Медиа од Чегране, ТВ Кобра од Радовиш, ТВ Спектра од Лабуништа и ТВ Интел од Струмица), а приходи од донации ТВМ од Охрид и ТВ Менада од Тетово.




Вкупните трошоци на локалните телевизии изнесувале 124,83 милиони денари, што е за 14,64% повеќе отколку во 2008 година, за 9,07% отколку во 2009 година и за 29,17 % отколку претходната година.

| Структура на трошоците на локалните телевизии | во милиони денари | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 25,88 | 20,74% |
| Трошоци за набавка на програма | 8,13 | 6,51% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 24,01 | 19,24% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 28,12 | 22,53% |
| Директни трошоци за создавање на програмата | 86,15 | 69,01% |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 7,79 | 6,24% |
| Амортизација на опремата | 12,41 | 9,94% |
| Амортизација на права и лиценци | 0,19 | 0,15% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 2,40 | 1,92% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 15,44 | 12,37% |
| Вкупно трошоци на работењето | 124,38 | 99,64% |
| Расходи од други активности | 0,33 | 0,27% |
| Вонредни расходи | 0,12 | 0,10% |
| Вкупни трошоци | 124,83 | 100,00% |

Речиси 70% од вкупните средства биле директни трошоци за создавање програма.

Најголемо учество во вкупните трошоци имаат трошоците за плати и други надоместоци за лицата што се директно поврзани со производство на програма (22,53%) и материјалните трошоци (20,74%).

На крајот од годината, позитивен финансиски резултат оствариле вкупно 35 локални телевизиски станици. Најголема добивка прикажале ТВ Боем од Кичево (4,13 милиони денари), ТВ Коха од Тетово (2,86 милиони денари), ТВ Орбис од Битола (2,24 милиони денари) и ТВ Интел од Струмица (2,11 милиони денари).

Останатите телевизии работеле со загуба, а најлош финансиски резултат прикажале ТВ Тиквешија од Кавадарци (загуба од 0,95 милиони денари) и ТВ Супер скај од Тетово (загуба од 0,41 милион денари).

Во 2011 година, просечниот број вработени во локалните телевизиски станици изнесувал 183 лица. Во споредба со претходната година, тоа е зголемување за 20 лица.

Вкупно 14 телевизиски станици имале поголем просечен број вработени отколку претходната година (ТВ Канал Визија од Прилеп – за 5 лица, ТВ Тера од Битола – за 4 лица, ТВ Канал 3 од Центар Жупа – за 3 лица, ТВ Стар од Штип, ТВ Протел од Пробиштип и ТВ Менада од Тетово – за по две лица и ТВ Кочани ЛД од Кочани, ТВ Коха од Тетово, ТВ Канал 21 од Велес, ТВ Арт од Тетово, ТВ Кобра од Радовиш, ТВ Гурра и ТВ Ускана од Кичево и ТВ Канал 8 од Кочани – за по едно лице).

Девет локални телевизии вработувале помал број лица отколку во 2010 година (ТВМ од Охрид, ТВ КТВ-41 од Кавадарци, ТВ Орбис од Битола, ТВ Ирис од Штип, ТВ Чеграни Медија од с. Чегране и ТВ Боем од Кичево – по едно лице

помалку, а ТВ Кисс од Тетово, ТВ Тиквешија од Кавадарци и ТВ Хана од Куманово – по две лица помалку).

| ТВ-станица | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | ТВ-станица | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Кисс, Тетово | 17 | 15 | 15 | 13 | ТВ Канал 8, Кочани | 0 | 0 | 2 | 3 |
| ТВ Тера, Битола | 8 | 13 | 8 | 12 | ТВ Дибра, Дебар | - | - | - | 3 |
| ТВМ, Охрид | 12 | 13 | 12 | 11 | ТВ Тиквешија, Кавадарци | 0 | 6 | 4 | 2 |
| ТВ КТВ-41, Кавадарци | 5 | 5 | 12 | 11 | ТВ Калтрина, Струга | 3 | 3 | 2 | 2 |
| ТВ Стар, Штип | 7 | 4 | 8 | 10 | ТВ Интел, Струмица | 4 | 2 | 2 | 2 |
| ТВ Ирис, Штип | нп | 10 | 10 | 9 | ТВ Нова, Гевгелија | 3 | 2 | 2 | 2 |
| ТВ Еми, Радовиш | 7 | 8 | 7 | 7 | ТВ Здравкин, Велес | 2 | 2 | 2 | 2 |
| ТВ Вис, Струмица | 7 | 7 | 7 | 7 | ТВ Свет, Свети Николе | 2 | 2 | 2 | 2 |
| ТВ Орбис, Битола | 5 | 4 | 5 | 4 | ТВ Феста, Куманово | нп | 2 | 2 | 2 |
| ТВ Вижн-БМ (ТВ Канал Визија), Прилеп | 1 | 1 | 2 | 7 | ТВ Хана, Куманово | 1 | 1 | 3 | 1 |
| ТВ Кочани-ЛД, Кочани | 0 | 4 | 5 | 6 | ТВ Чеграни Медиа | 0 | 2 | 2 | 1 |
| ТВ Канал 3, Центар Жупа | 2 | 2 | 3 | 6 | ТВ Боем, Кичево | 2 | 1 | 2 | 1 |
| ТВ Нова, Куманово | 5 | 5 | 5 | 5 | ТВ Морис, Охрид | 1 | 1 | 1 | 1 |
| ТВ Коха, Тетово | 4 | 4 | 4 | 5 | ТВ Аниса, Пласница | 1 | 1 | 1 | 1 |
| ТВ Канал 21, Велес | 3 | 3 | 4 | 5 | ТВ Дуе, Гостивар | 2 | 2 | 1 | 1 |
| ТВ Протел, Пробиштип | 2 | 2 | 3 | 5 | ТВ НТВ, Охрид | нп | 1 | 1 | 1 |
| ТВ Спектра, Струга | 3 | 3 | 4 | 4 | ТВ Лажани, Лажани | 1 | 1 | 1 | 1 |
| ТВ Арт, Тетово | 5 | 3 | 3 | 4 | ТВ Топ ТВ, Берово | 0 | 1 | 1 | 1 |
| ТВ Менада, Тетово | 7 | 7 | 2 | 4 | ТВ Супер скај, Тетово | 0 | 0 | 1 | 1 |
| ТВ Златен канал, Крива Планка | 0 | 4 | 3 | 3 | ТВ ВТВ, Валандово | 2 | нп | нп | 1 |
| ТВ Д1, Делчево | 0 | 3 | 3 | 3 | ТВ Арт Канал, Струга | 2 | 2 | нп | 1 |
| ТВ Кобра, Радовиш | 3 | 3 | 2 | 3 | ТВ Далга КРТ, Куманово | 1 | 1 | нп | 1 |
| ТВ Гурра, Кичево | 1 | 1 | 2 | 3 | ТВ Сител 2, Кратово | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ТВ Ускана, Кичево | нп | нп | 2 | 3 | ТВ Меди, Битола | 1 | 1 | нп | нп |
| | | | | | ТВ Нoвател плус, Прилеп | - | - | - | нп |
| | | | | | **ВКУПНО** | **132** | **158** | **163** | **183** |

**нп – нема податок*

**- не работеше во таа година*

Телевизиските станици што емитуваат програма на локално ниво оствариле вкупно 130,97 милиони денари од продажба на времето за рекламирање.




Само осум телевизии оствариле речиси половина од овие средства (ТВ Орбис од Битола, ТВМ од Охрид, ТВ Кисс и ТВ Коха од Тетово, ТВ Стар и ТВ Ирис од Штип, ТВ Вис од Струмица и ТВ Нова од Куманово).

Вкупно 28,22 милиони денари, односно 21,55% од приходите од рекламирање биле од платено политичко рекламирање за време на медиумската кампања.

# РАДИСКА ИНДУСТРИЈА

## КЛУЧНИ НАОДИ

| | вкупни приходи | приходи од реклами | вкупни трошоци | резултат од работењето | број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонско радио** | 317,82 | 3,77 | 185,74 | 131,82 | 299 |
| **Антена 5** | 40,00 | 36,54 | 31,83 | 7,46 | 14 |
| **Канал 77** | 27,97 | 10,56 | 16,63 | 11,31 | 6 |
| **Метрополис** | 3,96 | 2,08 | 3,34 | 0,62 | 0 |
| **Регионални радиостаници** | 50,89 | 45,71 | 53,64 | -3,14 | 65 |
| **Локални радиостаници** | 37,36 | 34,79 | 29,14 | 3,27 | 83 |
| **ВКУПНО** | 478,00 | 133,45 | 320,32 | 151,34 | 467 |

- Вкупните приходи што во анализираната година ги оствариле сите субјекти на радиската индустрија изнесувале 478,00 милиони денари. Приходите на Македонското радио претставуваат 66,5% од овој износ.

- Радиостаниците Антена 5 и Канал 77 оствариле 35,3% од приходите од продажба на времето за огласување во радиската индустрија.

- Вкупните трошоци изнесувале 320,32 милиони денари. Радиостаницата Антена 5 потрошила повеќе средства отколку сите локални радиостаници заедно.

- Единствено регионалните радиостаници во целина оствариле негативен финансиски резултат. Сите други сегменти на радискиот пазар работеле со добивка.

- Просечниот број вработени во Македонското радио изнесувал 299 лица, а во комерцијалните радиостаници 168 лица.

# МАКЕДОНСКО РАДИО

Податоците за економското работење на Македонското радио беа доставени од страна на јавниот радиодифузен сервис на посебен образец подготвен од страна на Советот за радиодифузија, а нивната валидност беше проверена преку споредба со податоците од Годишниот извештај за финансиското работење на ЈП Македонска радио телевизија во 2011 година, усвоен од страна на Собранието на РМ. Македонската радио телевизија води единствено книговодство за телевизиските и за радиските сервиси, но за потребите на оваа Анализа направи разделување на податоците за финансиското работење за телевизиските и за радиските сервиси.

Македонското радио остварило вкупни приходи во износ од 317,82 милиони денари, што е највисок износ во последните четири години. Приходите се повисоки за 7,88% од вкупните приходи остварени во 2008 година, за 132,10% во однос на 2009 година и за 73,89% во однос на 2010 година.




Во структурата на приходите најзначајно учество имаат приходите од радиодифузната такса (49,76%) и приходите од категоријата „останати нераспоредени приходи“ (49,05%). Само 1,19% од вкупните приходи биле од продажба на времето за рекламирање.

Високото учество на радиодифузната такса (претходната година учеството беше 26,60%) се должи на начинот на кој книговодствено е евидентиран овој вид приход. Имено, по препорака на Државниот завод за статистика, како приход од радиодифузна такса е прикажан износот на испратените сметки за наплата, за разлика од претходните години, кога се прикажуваше наплатениот износ.

| Вкупни приходи на Македонското радио | во милиони денари | учество |
|---|---|---|
| Радиодифузна такса | 158,15 | 49,76% |
| Приходи од реклами | 3,77 | 1,19% |
| Останати нераспоредени приходи | 155,9 | 49,05% |
| | 317,82 | 100% |

Во останати нераспоредени приходи се опфатени следните приходи: закупнини, приходи од камати, курсни разлики, отпишани подарувања, приходи од минати години и буџетски средства од Владата на РМ за финансиска поддршка.

Во 2011 година биле потрошени вкупно 185,74 милиони денари.




Во периодот од 2008 до 2011 година, најмногу средства биле потрошени во 2008 година, а најмалку во 2010 година.

Во структурата на трошоците најзначајно учество имаат трошоците за плати и надоместоци на лица коишто се директно поврзани со производство на програма (35,17%) и материјалните трошоци (34,28%).

| Структура на трошоците на Македонското радио | 2011 | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 63,67 | 34,28% |
| Трошоци за набавка на програма | 12,49 | 6,72% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 15,98 | 8,60% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 65,32 | 35,17% |
| Директни трошоци за создавање на програмата | 157,46 | 84,77% |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 16,33 | 8,79% |
| Амортизација на опремата | 4,73 | 2,55% |
| Амортизација на права и лиценци | 0 | 0,00% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 0 | 0,00% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 7,22 | 3,89% |
| Вкупно трошоци на работењето | 185,74 | 100,00% |
| Расходи од други активности | 0 | 0,00% |
| Вонредни расходи | 0 | 0,00% |
| Вкупни трошоци | 185,74 | 100,00% |

Во анализираната година, Македонското радио остварило добивка во износ од 131,82 милиони денари.

Вкупниот број вработени изнесувал 299 лица, сите во редовен работен однос.

## КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО

Во 2011 година, програма на државно ниво емитуваа три комерцијални радиостаници (РА Антена 5, РА Канал 77 и РА Метрополис). Вкупните приходи што тие заеднички ги оствариле изнесувале 71,92 милиони денари.




Најголем дел од овие средства остварила Антена 5 (40 милиони денари или 56% од вкупните приходи). Радиостаницата Канал 77 остварила вкупно 27,97 милиони денари, односно е 39% од приходите на трите радиостаници. Само 5% од вкупните приходи прикажала радиостаницата Метрополис, или во апсолутен износ 3,96 милиони денари.




Во периодот од 2007 до 2011 година, последната била најповолна за овие три субјекти. Освен во 2008 година, кога се забележува благо опаѓање на приходите во однос на 2007 година, во наредните три години вкупните приходи во континуитет се зголемувале.




Најзначаен извор на приходи за овој сегмент од пазарот биле приходите од реклами, од што се остварени 68,37% од вкупните средства. Речиси 75% од буџетите за рекламирање на овој сегмент од пазарот огласувачите ги намениле за огласување на Антена 5, околу 21% за огласување на Канал 77 и само 4% за рекламирање на Метрополис.

| Структура на приходите кај комерцијалните радиостаници на државно ниво | во милиони денари | учество |
|---|---|---|
| Реклами | 49,18 | 68,37% |
| Спонзорства | 0,00 | 0,00% |
| Приходи од други програми | 0,00 | 0,00% |
| Донации и грантови | 13,24 | 18,41% |
| Продажба на програми | 0,00 | 0,00% |
| Проекти од јавен интерес | 0,00 | 0,00% |
| Останати нераспоредени приходи | 3,30 | 4,59% |
| **Приходи од основна дејност** | 65,72 | 91,38% |
| Приходи од други дејности | 5,04 | 7,01% |
| Вонредни приходи | 1,16 | 1,61% |
| **Вкупно приходи** | 71,92 | 100,00% |

Единствено Канал 77 остварила приходи од донации и грантови (вкупно 13,24 милиони денари).

Целокупниот приход од категоријата „останати нераспоредени приходи“ ги прикажала радиостаницата Антена 5.

Во 2011 година, овие три радиостаници заеднички потрошиле вкупно 51,80 милиони денари, од кои 61% Антена 5, 32% Канал 77 и 7% Метрополис.

Во 2011 година, овие три радиостаници заеднички потрошиле вкупно 51,80 милиони денари, од кои 61 отсто Антена 5, 32 отсто Канал 77 и 7 отсто Метрополис.

Радиостаницата Метрополис не прикажала ни трошоци за набавка на програма ниту, пак, трошоци за плати и други надоместоци за ангажирани лица.

| Структура на трошоците на комерцијалните радиостаници на државно ниво | во милиони денари | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 5,99 | 11,57% |
| Трошоци за набавка на програма | 7,37 | 14,24% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 8,99 | 17,36% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 5,37 | 10,36% |
| Директни трошоци за создавање на програмата | 27,73 | 53,53% |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 1,69 | 3,27% |
| Амортизација на опремата | 7,20 | 13,90% |
| Амортизација на права и лиценци | 0,00 | 0,00% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 2,40 | 4,64% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 10,18 | 19,66% |
| Вкупно трошоци на работењето | 49,21 | 94,99% |
| Расходи од други активности | 0,94 | 1,82% |
| Вонредни расходи | 1,65 | 3,19% |
| Вкупни трошоци | 51,80 | 100,00% |

Целокупниот износ на вонредните трошоци го прикажала радиостаницата Канал 77.

Сите три радиостаници оствариле позитивен финансиски резултат. Најголема добивка имала Канал 77 (11,31 милион денари), потоа Антена 5 (7,46 милиони денари) и најмала Метрополис (0,62 милиони денари).

| | Просечен број на вработени во редовен работен однос | | |
|---|---|---|---|
| Радиостаница | 2009 | 2010 | 2011 |
| Антена 5 | 13 | 14 | 14 |
| Канал 77 | 4 | 5 | 6 |
| Метрополис | 0 | 0 | 0 |
| вкупно | 17 | 19 | 20 |

Во 2011 година, просечниот број вработени во редовен работен однос во трите радиостаници изнесувал 20 лица, од кои 14 биле ангажирани во Антена 5, а шест во Канал 77. Радиостаницата Метрополис нема вработени во редовен работен однос, а во Советот достави договори за авторство за вкупно осум лица.

## Удели во приходите од рекламирање на радискиот пазар

Вкупните приходи остварени од рекламирање на радискиот пазар на државно ниво изнесувале 52,95 милиони денари.

Најатрактивна за огласувачите била радиостаницата Антена 5 (речиси 70% од буџетите за огласување на овој сегмент од радискиот пазар тие издвоиле за огласување на оваа радиостаница). Најмал дел од приходите за огласување прикажала радиостаницата Метрополис (4% од вкупните приходи).




Од платено политичко рекламирање за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ, трите комерцијални радиостаници на државно ниво оствариле вкупно 1,17 милиони денари или 2,38% од приходите од рекламирање.

## РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Во 2011 година, на подрачјето на град Скопје (на регионално ниво) радиопрограма емитуваа вкупно 16 комерцијални радиостаници. Вкупните приходи што тие заеднички ги оствариле изнесувале 50,89 милиони денари.




Во периодот од 2008 до 2011 година, последната година била најнеповолна за овој сегмент од радиската индустрија. Во споредба со приходите од 2008 година има опаѓање за 18,93%, во споредба со 2009 година за 15%, а во споредба со 2010 година, приходите се пониски за 13,11%.




Пет радиостаници (РА Буба Мара, РА Сити, РА Фортуна, РА Ват и РА Спортско радио 90,3 ФМ) оствариле 65,57% од вкупните приходи на регионалниот радиски пазар. Останатите десет субјекти заеднички оствариле 34,43% од вкупните приходи.

Единствено радиостаницата Клуб ФМ остварила повеќе приходи отколку претходната година. Сите други радиостаници ги намалиле приходите.

| ТРД | вкупни приходи во милиони денари | | | | стапка на раст 2011/2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | |
| Буба Мара | 8,32 | 9,53 | 9,00 | 8,49 | -5,67% |
| Сити | 9,92 | 6,47 | 9,23 | 7,64 | -17,21% |
| Фортуна | 8,12 | 8,84 | 8,63 | 6,55 | -24,05% |
| Ват | 8,31 | 10,09 | 6,47 | 5,44 | -15,92% |
| Ра 90,3 ФМ | 5,02 | 5,29 | 5,46 | 5,25 | -3,92% |
| Лајф ФМ | 1,35 | 2,76 | 4,17 | 4,11 | -1,37% |
| Скај радио | 5,66 | 4,95 | 5,27 | 3,52 | -33,18% |
| Спортско Канал 4 | 3,00 | 2,42 | 2,94 | 2,81 | -4,29% |
| Клуб ФМ | 1,24 | 0,78 | 0,76 | 2,10 | 175,79% |
| Роса АБ | 2,89 | 2,59 | 1,94 | 1,78 | -8,10% |
| Зона М-1 | 1,27 | 1,42 | 1,36 | 1,16 | -14,77% |
| Фолк | 1,24 | 0,82 | 0,87 | 0,77 | -11,99% |
| Џез ФМ | 0,86 | 0,68 | 0,77 | 0,63 | -18,62% |
| Арачина | 0,95 | 0,94 | 1,09 | 0,52 | -52,27% |
| Равел | 3,27 | 1,81 | 0,61 | 0,12 | -80,09% |
| Класик | 1,35 | 0,48 | нп | нп | нп |
| **ВКУПНО** | **62,77** | **59,87** | **58,57** | **50,89** | **-13.11%** |

Во структурата на приходите најзначајно учество имаат приходите од реклами (89,82%). Најатрактивни за огласувачите биле РА Сити (остварила 7,3 милиони денари од реклами), РА Буба Мара (7,26 милиони денари) и РА Фортуна (6,54 милиони денари).

| Структура на приходите кај комерцијалните радиостаници на регионално ниво | Во милиони денари | учество |
|---|---|---|
| Реклами | 45.71 | 89.82% |
| Спонзорства | 1.82 | 3.58% |
| Приходи од други програми | 0.10 | 0.19% |
| Донации и грантови | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на програми | 0.00 | 0.00% |
| Проекти од јавен интерес | 0.00 | 0.00% |
| Останати нераспоредени приходи | 1.40 | 2.74% |
| **Приходи од основна дејност** | 49.03 | 96.34% |
| Приходи од други дејности | 0.76 | 1.49% |
| Вонредни приходи | 1.11 | 2.17% |
| **Вкупно приходи** | 50.89 | 100.00% |

Приходи од спонзорства прикажале само РА Буба Мара (1,23 милиони денари) и Спортското радио 90,3 ФМ (0,59 милиони денари).

Во 2011 година, регионалните радиостаници потрошиле вкупно 53,82 милиони денари, што е само 0,34 % повеќе отколку претходната година.




Највисоки трошоци направиле РА Ват (8,32 милиони денари), РА Буба Мара (8,18 милиони денари), РА Сити (6,79 милиони денари) и РА Фортуна (6,53 милиони денари), што претставува 55,41% од вкупните трошоци на регионалниот радиски пазар.

Најголем дел од средствата биле потрошени за нематеријални услуги (24,26%). Ова се должи на вискоите износи на трошоците од оваа категорија што ги прикажале радиостаниците Буба Мара (4,86 милиони денари) и Фортуна (3,09 милиони денари).

| Структура на трошоците на комерцијалните радиостаници на регионално ниво | во милиони денари | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 8,21 | 15,26% |
| Трошоци за набавка на програма | 1,04 | 1,93% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 13,06 | 24,26% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 10,89 | 20,23% |
| Директни трошоци за создавање на програмата | 33,19 | 61,68% |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 3,48 | 6,46% |
| Амортизација на опремата | 5,19 | 9,63% |
| Амортизација на права и лиценци | 0,00 | 0,00% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 2,50 | 4,64% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 7,90 | 14,68% |
| Вкупно трошоци на работењето | 52,25 | 97,09% |
| Расходи од други активности | 1,30 | 2,42% |
| Вонредни расходи | 0,26 | 0,49% |
| Вкупни трошоци | 53,82 | 100,00% |

Позначајни износи биле наменети за платите и другите надоместоци за лицата што биле директно вклучени во производство на програма (20,23%).

Позитивен финансиски резултат оствариле осум радиостаници (РА Сити, Спортско радио 90,3 ФМ, РА Буба Мара, РА Фолк, РА Скај, РА Фортуна, РА Роса АБ и РА Лајф ФМ). Останатите радиостаници прикажале загуба.

| **Ра станица** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **РА станица** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РА Сити | 6 | 8 | 8 | 9 | РА Лајф | 2 | 2 | 2 | 4 |
| РА Фортуна | 7 | 7 | 7 | 9 | РА Клуб ФМ | 3 | 2 | 2 | 3 |
| РА Ват | 11 | 10 | 10 | 8 | РА Фолк | 1 | 2 | 3 | 2 |
| РА Спортско радио Канал 4 | 5 | 4 | 7 | 6 | РА Цез ФМ | 2 | 2 | 2 | 2 |
| РА ЕФ-ЕМ 90,3 | 6 | 6 | 5 | 5 | РА Зона М1 | 3 | 1 | 2 | 2 |
| РА Скај | 4 | 5 | 5 | 5 | РА Равел | 9 | 4 | 1 | 1 |
| РА Буба Мара | 4 | 4 | 5 | 4 | РА Арачина | 1 | 1 | 1 | 1 |
| РА Роса АБ | 4 | 4 | 4 | 4 | РА Класик ФМ | 1 | 0 | нп | нп |
| | | | | | **ВКУПНО** | **69** | **62** | **64** | **65** |

Просечниот број вработени во регионалните радиостаници изнесувал 65 лица.

Во текот на анализираната година, четири радиостаници го зголемиле просечниот број вработени: Ра Сити и РА Клуб ФМ за по едно лице, а РА Фортуна и РА Лајф за по две лица.

Просечниот број вработени бил помал кај РА Ват (за две лица) и кај Спортско радио Канал 4, РА Буба Мара и РА Фолк (за по едно лице).

Регионалните радиостаници оствариле вкупно 45,72 милиони денари од продажба на времето за рекламирање. Само четири субјекти (РА Буба Мара,

РА Сити, РА Фортуна и РА 90,3 ФМ Спортско радио) оствариле 56% од овој износ.

Од платено политичко рекламирање биле остварени вкупно 1,12 милиони денари, односно 2,45% од вкупните приходи од рекламирање.



# РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Вкупните приходи што ги оствариле локалните радиостаници во 2011 година изнесувале 37,36 милиони денари, што е највисок износ во периодот од последните четири години. Во 2011 година вкупните приходи на овој сегмент од радиската индустрија се за 24,53% повеќе отколку оние во 2008 година, за 19,09% повеќе отколку приходите остварени во 2009 година и за 27,99% повеќе отколку приходите во 2010 година.

**движење на вкупните приходи во последните четири години**




Доминантен извор на приходи во анализираната година била продажбата на времето за рекламирање, од што се остварени 93,12% од вкупните приходи (34,79 милиони денари). Најмногу приходи од овој вид оствариле РА Кисс од Тетово (3,94 милиони денари) и Супер радио од Охрид (2,21 милион денари).

Позначајни износи прикажале и радиостаниците РА Енџелс (1,85 милиони денари), РА Експрес (1,71 милион денари), РА Холидеј (1,64 милиони денари), РА 106 (1,61 милион денари), РА Б-97 (1,46 милиони денари), РА Мерак 5 ФМ (1,45 милиони денари), РА Хит (1,26 милиони денари) и РА Браво (1,16 милиони денари).

Приходи од спонзорства оствариле само три локални радиостаници (РА Комета, РА Јехона и РА Охрид), а исто толку прикажале и приходи од други програми (РА Тајм, РА Охрид и РА Рапи).

| Структура на приходи кај радиостаниците на локално ниво | во милиони денари | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 34,79 | 93,14% |
| Спонзорства | 0,26 | 0,70% |
| Приходи од други програми | 0,14 | 0,36% |
| Донации и грантови | 0,00 | 0,00% |
| Продажба на програми | 0,00 | 0,00% |
| Проекти од јавен интерес | 0,00 | 0,00% |
| Останати нераспоредени приходи | 0,45 | 1,22% |
| **Приходи од основна дејност** | 35,64 | 95,42% |
| Приходи од други дејности | 1,44 | 3,87% |
| Вонредни приходи | 0,27 | 0,72% |
| **Вкупно приходи** | 37,36 | 100,00% |

Во 2011 година, субјектите на радискиот пазар заеднички потрошиле вкупно 29,14 милиони денари. Стапката на раст во однос на трошоците направени во 2008 година е 16,05%, во однос на 2009 година 6,39% и во однос на 2010 година 6,90%.




Најголем дел од овие средства биле директни трошоци за создавање програма (70,54%).

За плати и надоместоци за вработените биле издвоени 11,69 милиони денари или 40,12% од вкупните трошоци. Највисок износ на трошок од оваа категорија прикажала радиостаницата Експрес (1,07 милиони денари).

| Структура на трошоците на радиостаниците на локално ниво | во милиони денари | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 4,15 | 14,23% |
| Трошоци за набавка на програма | 2,44 | 8,36% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 2,28 | 7,82% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 11,69 | 40,12% |
| Директни трошоци за создавање на програмата | 20,56 | 70,54% |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 0,99 | 3,39% |
| Амортизација на опремата | 1,23 | 4,23% |
| Амортизација на права и лиценци | 0,08 | 0,29% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 0,39 | 1,35% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 5,72 | 19,62% |
| Вкупно трошоци на работењето | 28,97 | 99,43% |
| Расходи од други активности | 0,07 | 0,22% |
| Вонредни расходи | 0,10 | 0,35% |
| Вкупни трошоци | 29,14 | 100,00% |

Трошоци за амортизација на опремата прикажале само три радиостаници (РА Мерак 5 ФМ, РА Александар Македонски и РА Скај радио.

Вкупниот остварен резултат од работењето на радиостаниците во анализираната година бил добивка во износ од 3,27 милиони денари.

Во 2011 година, вкупно 36 субјекти работеле со добивка, а најдобар финансиски резултат остварила радиостаницата Б-97 од Битола (0,87 милиони денари).

Во однос на претходната година, бројот на вработени во редовен работен однос во радиската индустрија во 2011 година се зголемил за 17 лица, со што просечниот број на редовно вработени во овој сегмент изнесувал 83 лица. Четириесет и едно лице биле хонорарно ангажирани.

Во анализираната година, бројот на вработени го зголемиле вкупно девет радиостаници, од кои три вработиле по две лица (РА Галакси 2000 од Кавадарци, РА Мерак 5 ФМ од Велес и РА Хит од Струмица), а останатите шест имале по едно ново вработување (РА Тајм од Гевгелија, РА Браво од Куманово, РА Продукција ЛГН од Неготино, РА Рапи од Струга, РА Чоки 5 од Прилеп и РА Мис 2008 од Пласница).

Само четири радиостаници го намалиле бројот на вработени (РА Холидеј од Прилеп, РА Плус Форте од Тетово, РА Б-97 од Битола и РА Лав од Охрид).

На локалниот радиски пазар, од продажба на времето за рекламирање биле остварени вкупно 34,79 милиони денари. Најголем дел од овие средства прикажале радиостаницата Кисс од Тетово (11%) и Супер радио од Охрид (7%).




Од емитување спотови за политичките партии за време на медиумската кампања за предвремените парламентарни избори, локалните радиостаници оствариле вкупно 1,68 милиони денари, што претставува 4,83% од вкупните приходи од рекламирање кај овој сегмент од радиската индустрија.

# ПОДАТОЦИ ЗА ГЛЕДАНОСТ И ДОСЕГ

## Удели во вкупната гледаност

Во 2011 година, најголем удел во вкупната гледаност имала ТВ Сител (22%). На второто место, со удел од 20%, е заедничкото учество на странските канали, а на третото место ТВ А1[12] со 15% удел од вкупната гледаност.




*Извор: Nielsen Media Research*

Учеството на поодделните канали во вкупната гледаност има различни вредности во првите седум месеци од годината и во последните пет, што се должи на фактот дека ТВ А1 престана да емитува програма на 31 јули 2011 година.




Во овој период, најмногу се зголемило учеството на ТВ Сител (за 11,45%) и на ТВ Канал 5 (за 7,08%), како и заедничкото учество на странските канали (за 1,36%). Во 2011 година, заедничкото учество на терестријалните

[12] Оваа телевизија емитуваше програма до 31 јули 2011 година.

станици на државно ниво, вклучувајќи го и јавниот сервис во вкупната гледаност, изнесувало 61,25%.




*Извор: Nielsen Media Research*

Во последните три години, во континуитет се зголемувало учеството на ТВ Сител, ТВ Канал 5 и ТВ Алсат М. Единствено учеството на јавниот сервис се намалувало од година во година, а на ТВ Телма се менувало со незначителни отстапувања (во 2010 година опаднало за 0,66%, а во 2011 година се зголемило за 0,05%).

Удел во вкупната гледаност месец по месец

| месец | МТВ 1 | А1 | Сител | Канал 5 | Алсат М | Телма |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 5,02% | 25,81% | 15,56% | 5,70% | 7,61% | 3,28% |
| II | 4,75% | 25,60% | 16,89% | 6,29% | 8,28% | 3,27% |
| III | 4,68% | 25,80% | 17,74% | 6,04% | 7,70% | 3,16% |
| IV | 5,00% | 24,66% | 16,56% | 6,83% | 7,56% | 3,03% |
| V | 5,41% | 26,53% | 15,91% | 6,96% | 6,32% | 2,80% |
| VI | 5,70% | 25,30% | 17,18% | 6,11% | 6,23% | 3,00% |
| VII | 7,33% | 16,98% | 19,68% | 6,64% | 4,57% | 3,13% |
| VIII | 6,72% | | 25,19% | 8,82% | 5,78% | 3,43% |
| IX | 6,09% | | 30,09% | 11,53% | 6,26% | 3,59% |
| X | 5,31% | | 27,64% | 13,40% | 7,02% | 3,95% |
| XI | 5,19% | | 29,21% | 15,00% | 7,81% | 3,54% |
| XII | 4,75% | | 29,30% | 16,18% | 7,95% | 3,45% |

*Извор: Nielsen Media Research*

Македонската телевизија имала најголем удел во вкупната гледаност во јули (7,33%), а најмал во декември (4,75%).

Учеството на ТВ Сител било најголемо во септември (30,09%), а најмало во јануари (15,56%).

ТВ Канал 5 највисоко учество во вкупната гледаност постигнала во декември (15%), а најмало во јануари (5,70%).

Уделот на ТВ Аласт М во вкупната гледаност во месец февруари бил најголем (8,28%), а најмал во јули (4,57%).

Што се однесува до уделот, ТВ Телма во секој месец од годината, забележливо е дека нема позначајни отстапувања од просечниот годишен удел во вкупната гледаност (3%).

**удел во вкупната гледаност месец по месец**




*Извор: Nielsen Media Research*

## Најгледани програмски содржини во 2011 година

Програмската содржина што најголем дел од публиката ја гледала била играната серија „Љубов и казна“, емитувана на ТВ Сител. Емитувани биле вкупно 52 епизоди, а нивниот просечен рејтинг изнесувал 25,59%.

Од десетте најгледани програмски содржини, четири биле директен пренос на кошаркарски натпревари од Европското првенство во Литванија, сите емитувани на ТВ Сител.

| р.б. | Програмска содржина | ТВ-станица | Број на епизоди | AMR% |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Серија: „Љубов и казна“ | Сител | 52 | 25,59% |
| 2. | Серија: „Кога лисјата паѓаат“ | А1 | 123 | 25,23% |
| 3. | Кошарка ЕП: Македонија-Русија | Сител | 1 | 24,97% |
| 4. | Серија: „Имотот на дамата“ | А1 | 31 | 24,81% |
| 5. | Серија: „Кога лисјата паѓаат“ | Сител | 31 | 23,81% |
| 6. | 18 години А1 | А1 | 1 | 22,97% |
| 7. | Игран филм: „101 далматинец“ | А1 | 1 | 22,40% |
| 8. | Македонски идол – мал концерт | А1 | 3 | 21,50% |
| 9. | Кошарка ЕП: Македонија-Литванија | Сител | 1 | 20,96% |
| 10. | Кошарка ЕП: Шпанија-Македонија | Сител | 1 | 20,71% |
| 11. | Кошарка ЕП: Русија-Македонија | Сител | 1 | 20,25% |

*Извор: Nielsen Audience Research*

Вкупно три биле сапунски опери чија земја на потекло е Турција, синхронизирани на македонски јазик: „Љубов и казна“ на ТВ Сител, „Кога лисјата паѓаат“ (од која 123 епизоди се емитуваа на ТВ А1, а откако таа престана да емитува програма, правата за емитување ги откупи ТВ Сител и до крајот на годината емитуваше уште 31 епизода) и „Имотот на дамата“ емитувана на ТВ А1.

## Податоци за досегот на радиостаниците

Во 2011 година, најголем просечен неделен досег имале РА Антена 5 (18%) и РА Канал 77 (8,2%). Македонското радио – прва програма го слушале просечно 6,2% од слушателите, а РА Метрополис 2,7%.




На приказот подолу е претставен просечниот неделен досег за секој месец од годината.



# СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

## Антиконцентрациски мерки во ЗРД

Во Глава III од Законот за радиодифузната дејност се вградени мерки за утврдување на недозволената медиумска концентрација. Имајќи ги предвид различните облици на интеграција на капиталот во радиодифузниот и во други сектори, овие мерки се однесуваат на контролата на учеството во сопственоста на радиодифузерите и во други трговски друштва, како и на т.н. прагови на уделот на радиодифузерите во приходите од рекламирање (рекламниот колач), уделот во гледаноста/слушаноста и во нивото на покривање на населението на РМ.

Законот за радиодифузната дејност дозволува хоризонтална интеграција, но предвидува ограничувања во поглед на учеството во основачкиот капитал, како и во поглед на бројот на радиодифузерите што едно физичко или правно лице може да ги поседува. Имено, согласно став 1 и 2 на член 14 од ЗРД, едно физичко или правно лице истовремено може да учествува во сопственоста на најмногу пет трговски радиодифузни друштва, и тоа:

**Хоризонтална интеграција согласно член 14 став 1 и 2 од ЗРД**




Ставот 3 на член 14 од Законот се однесува на хоризонталната интеграција на радиодифузери што емитуваат програма на регионално и на локално ниво. Не е предвидено ограничување на уделот во сопственоста, туку само на бројот на радиодифузерите што може да ги поседува едно правно или физичко лице.

**Хоризонтална интеграција согласно член 14 став 3 од ЗРД**




Согласно став 4 од член 14, едно правно или физичко лице, истовремено може да се јави како основач на најмногу три радиодифузери што емитуваат програма на локално ниво, но само на несоседски подрачја.

**Хоризонтална интеграција согласно член 14 став 4 од ЗРД**




Во член 17 од Законот се предвидени и т.н. прагови на учество на радиодифузерите во приходите од рекламирање, во вкупната гледаност/слушаност, како и во покривањето на населението, над кои некое конкретно спојување ќе се смета за недозволена медиумска концентрација. Поконкретно, недозволена медиумска концентрација се смета и кога радиодифузерите кои се предмет на спојувањето се стекнуваат со доминантна положба, и тоа кога: спојувањето на капиталот ги доведува радиодифузерите во доминантна позиција на пазарот на реклами, односно спојувањето на нивниот удел во продажбата на вкупното рекламно време е над 30%; спојувањето на капиталот ги доведува радиодифузерите во доминантна позиција во формирањето на јавното мислење, поточно уделот во гледаноста/слушаноста е повеќе од 40%; со спојувањето на капиталот на радиодифузери на регионално и локално ниво

постигнуваат покривање на максимум 50% од населението на Република Македонија.

*Вертикалната интеграција* подразбира учество во сопственоста или, пак, интегрирање на капиталот на радиодифузер и трговски друштва од сродни дејности.

**Недозволена вертикална интеграција согласно член 13 и 14 од ЗРД**




Во членот 13 од Законот за радиодифузната дејност како сродни дејности, односно дејности со чие поврзување се создава недозволена медиумска концентрација во однос на вертикалното интегрирање се определени реклама и пропаганда, филмска продукција, дистрибуција на аудиовизуелни дела и телекомуникациски услуги. Радиодифузер, ниту основач на радиодифузер не смее да учествува во сопственичкиот капитал на друштва што се регистрирани за овие дејности.

*Дијагоналната интеграција* подразбира учество во сопственоста или, пак, интеграција на капиталот помеѓу правни субјекти кои не припаѓаат на ист пазар, на пример, радиодифузери што емитуваат телевизиска програма, радиостаници и печатени медиуми.

**Недозволена дијагонална интеграција согласно член 13 и 14 од ЗРД**




Во однос на интегрирањето на радиодифузери со печатените медиуми, ограничувањето се однесува само на дневните весници, поточно ниту радиодифузер, ниту негов основач може да учествува во сопственоста на друштво од областа на печатот кое издава дневен весник. Што се однесува до дијагоналната интеграција помеѓу телевизискиот и радискиот сектор, важат истите ограничувања како и кај хоризонталната интеграција, определени во член 14 од Законот.

**Недозволена интеграција со други дејности согласно член 13 и 14 од ЗРД**




Законот утврдува и други дејности кои се неспоиви со вршењето радиодифузна дејност. Имено, во смисла на овој Закон се смета дека недозволена медиумска концентрација постои и кога радиодифузер или основач на радиодифузер учествува во основачки капитал на друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за спроведување активности на истрага и обезбедување, како и новинска агенција.

## Промени во сопственичката структура

Во текот на 2011 година, до Советот беа доставени вкупно седум уредни и комплетни барања за одобрение за промена на сопственичката структура, од кои три од радиостаници и четири од телевизиски станици:

Од страна на ТРД Радио Ла Коста ДООЕЛ од Виница, до Советот за радиодифузија беше доставено барање за согласност за промена на сопственичка структура. Побарана беше согласност за истапување на дотогашниот единствен основач на радиодифузерот, физичкото лице Петре Костадинов од Виница и пристапување на физичкото лице Дафинка Костадинова од Виница.

Трговското радиодифузно друштво МНЦ ТВ ДООЕЛ од Скопје побара согласност за истапување на правното лице Друштво за трговија, производство и услуги МНЦ МЕДИА ДООЕЛ од Скопје и пристапување на правното лице (Cable 24) Кејбл 24 ДОО од Линц, Австрија, во сопственост на физичкото лице Јирген Меихнер и правното лице ЈМ-ДАТА ДОО од Австрија во сопственост на физичкото лице Јирген Меихнер. Според податоците од Интернет дистрибутивниот систем на ЦРМ беше констатирано дека правното лице (Cable 24) Кејбл 24 ДОО и физичкото лице Јирген Меихнер не се јавуваат како основачи на трговски друштва во Република Македонија.

Трговското радиодифузно друштво Б-97 ДООЕЛ од Битола побара согласност за промена на сопственичка структура, односно за истапување на физичкото лице Марија Младеновска-Димитровска од Битола и пристапување на физичкото лице Петар Робе од Битола. При проверката на податоците од Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија беше констатирано дека физичкото лице Петар Робе не се јавува како основач на трговски друштва.

Од страна на ТРД Радио Мерак 5 ФМ Љупчо и Владимир ДОО од Велес, до Советот за радиодифузија беше доставено барање за согласност за промена на сопственичка структура. Беше побарана согласност за истапување на физичкото лице Љупчо Несторов од Велес и пристапување на физичкото лице Катерина Несторова од Велес. Според податоците од Интернет дистрибутивниот систем на ЦРМ констатирано е дека физичкото лице Катерина Несторова не се јавува како основач на трговски друштва.

ТРД ТВ Свет ДОО од Свети Николе, до Советот за радиодифузија достави барање за согласност за промена на сопственичка структура. Беше побарана согласност за истапување на физичкото лице Димитар Дечков од Свети Николе, со учество од 49% во основната главнина на друштвото и пристапување на физичкото лице Ѓорѓи Дечков од Свети Николе, со учество од 49% во основната главнина на друштвото.

Во текот на месец мај 2011 година, Трговско радиодифузно друштво Телевизија Канал 8 ДООЕЛ од Кочани, до Советот за радиодифузија достави

барање за согласност за промена на сопственичка структура. Беше побарана согласност за истапување на единствениот основач на радиодифузерот, физичкото лице Ангел Петров од Кочани и пристапување на физичкото лице Благој Ситновски од Кочани.

Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КРТ ДОО од Скопје, од Советот побара согласност за истапување на еден од основачите, физичкото лице Благој Механџиски од Скопје. Со планираната промена, физичкото лице Билјана Зафировска од Скопје, која дотогаш учествуваше со 49% во основачката главнина на радиодифузерот, би била единствен основач на радиодифузерот.

Откако констатираше дека со планираните промени не се создава недозволена медиумска концентрација, односно дека не се прекршуваат одредбите од Законот за радиодифузната дејност, Советот на овие седум радиодифузери им издаде одобренија за промена на сопственичката структура.

## Сопственичка структура на радиодифузерите

**Сопственичка структура на телевизиите на државно ниво**

| ТРД | Целосен назив на трговското друштво | Податоци за основачот и процент на учество во капиталот |
|---|---|---|
| ТВ Алсат-М | ТРД АЛСАТ М ДОО Скопје | Ферик Велија 1%, Мира Мекси (Р. Албанија) 8% и Интернационал енерџи инженеринг и петролеум консалтинг 46% и Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги ВЕВЕ ГРУП ДООЕЛ 45% |
| ТВ Канал 5 | ТРД КАНАЛ 5 ДОО | Емил Стојменов 100% |
| ТВ Сител | ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје | МОНТЕКО 100% |
| ТВ Телма | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | Макпетрол АД Скопје 100% |
| ТВ А1[13] | ТРД А1 ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ | Велија Рамковски 100% |

**Сопственичка структура на сателитските телевизии на државно ниво**

| ТРД | Целосен назив на трговското друштво | Податоци за основачот и процент на учество во капиталот |
|---|---|---|
| ТВ Сонце | Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп | Ѓорѓија Атанасовски 100% |
| ТВ АБ Канал | Трговско радиодифузно друштво АБ КАНАЛ ДООЕЛ, Скопје | Бојо Андрески 100% |
| ТВ БМ[14] | Трговско радиодифузно друштво БМ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје | Николина Спасова 100% |
| ТВ НАША ТВ | Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДОО - Скопје | Методи Мајнов, Весна Блажеска, Богоја Блажески, Друштво за консалтинг и информатички инженеринг НЕТ-БИТ ДОО Скопје, СЕЕ ИНВЕСТ ФОНД управуван од МАК АССЕТС МЕНАЏМЕНТ ДОО Скопје, Друштво за промет и услуги НАШ КОНЦЕПТ ДОО Скопје и Брокерска куќа МОЈ БРОКЕР АД Скопје |

[13] Овој субјект ја изгуби дозволата за вршење радиодифузна дејност во 2011 година.
[14] ТВ БМ ја изгуби дозволата за вршење радиодифузна дејност во 2012 година.

| | | |
|---|---|---|
| ТВ Сител 3 | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје | Друштво за производство, трговија и услуги ЛУКО ТРЕЈД ДОО Скопје 100% |
| ТВ 24 Вести | Трговско радиодифузно друштво 24 Вести, Скопје | Кејбл 24, Австрија 100% |
| ТВ ЏАНГЛ[15] | Трговско радиодифузно друштво ЏАНГЛ МЕДИА ДООЕЛ Скопје | Миле Ѓошевски 100% |
| ТВ АЛФА | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | АЛФА СКОП ДОО експорт-импорт Скопје 100% |
| ТВ Канал 5 Плус | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДОО Скопје | Трговско друштво за односи со јавност и информирање КАЛИСТРАТ ДООЕЛ Скопје 100% |
| ТВ А2[16] | Трговско радиодифузно друштво А2 ТЕЛЕВИЗИЈА ДОО Скопје | Жаклина Ѓорѓиевска 100% |
| ТВ ПИНК 15 [17] | Трговско радиодифузно друштво Пинк15 МИНУС ДООЕЛ, Скопје | К-15 ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје 100% |
| ТВ Перспектива[18] | Трговско радиодифузно друштво ПЕРСПЕКТИВА ТВ ДООЕЛ Скопје | Друштво за трговија и услуги ПРОДУКЦИЈА ПЕРСПЕКТИВА ДООЕЛ Скопје 100% |
| ТВ АЛБ [19] | Друштво за телекомуникации и радиодифузија АЛБ ТВ 2010 Скопје ДООЕЛ | Арбтрим Ќира 100% |

**Сопственичка структура на радиостаниците на државно ниво**

| ТРД | Целосен назив на трговското друштво | Податоци за основачот и процент на учество во капиталот |
|---|---|---|
| РА Антена 5 | ТРД РАДИО АНТЕНА 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје | Зоран Петров 33,3%, Маријан Гушев 33,3% и Коста Јаневски 33,3% |
| РА Рос Метроплис | РТД Рос Метрополис Радио Доо Скопје | Дарко Гелев 49,9%, Миле Ѓошевски 49,9% и Дејан Билески 0,01% |
| РА Канал 77 | ТРД РАДИО КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип | ГБЦ Комуникации ДООЕЛ 100% |

**Сопственичка структура на регионалните телевизии**

| ТРД | Целосен назив на трговското друштво | Податоци за основачот и учеството во капиталот |
|---|---|---|
| ТВ Шутел | ТРД ТВ ШУТЕЛ Ќамил ДООЕЛ Скопје | Ќамил Мустафа 100% |
| ТВ Амазон | ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје | Драган Горгиевски 100% |
| ТВ Крт | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КРТ ДООЕЛ Скопје | Билјана Зафировска 100% |
| ТВ Едо | ТРД ТВ ЕДО ДООЕЛ с. Љубин, Сарај | Енес Бабачиќ 100% |
| ТВ БТР | ТРД ТВ БТР НАЦИОНАЛ Зоран ДООЕЛ Скопје | Зоран Димов 100% |
| ТВ Скај нет | Радиодифузно друштво СКАЈ НЕТ – Манчев - ДОО Скопје | Тодорче Коцев 95%, Манчев Митко 5% |
| ТВ К-15 | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА К-15, ДООЕЛ Скопје | Претпријатие за информирање и маркетинг Pink International Company, Србија 100% |
| ТВ МТМ | ТРД ТВ МТМ ДАСТО ДООЕЛ Скопје | ДАСТО ДООЕЛ 100% |
| ТВ Скопје | ТРД ТВ СКОПЈЕ ДООЕЛ Скопје | Алфа-Скоп ДООЕЛ експорт-импорт Скопје 96,2% и Љубомир Николовски 3,8% |
| ТВ Ера | ТРД ТВ Ера Скопје | Арлинда Меметај 60% и Авдула Меметах 40% |

[15] ТВ Џангл ја изгуби дозволата за вршење радиодифузна дејност во 2012 година.
[16] ТВ А2 ја изгуби дозволата за вршење радиодифузна дејност во 2012 година.
[17] ТВ Пинк 15 ја изгуби дозволата за вршење радиодифузна дејност во 2012 година.
[18] ТВ Перспектива ја изгуби дозволата за вршење радиодифузна дејност во 2012 година.
[19] ТВ Алб ја изгуби дозволата за вршење радиодифузна дејност во 2012 година.

## Сопственичка структура на регионалните радиостаници

| ТРД | Целосен назив на трговското друштво | Податоци за основачот и учеството во капиталот |
|---|---|---|
| РА Зона М-1 | ТРД РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје | Светлана Тасевска 100% |
| РА Фолк | ТРД ФОЛК-РАДИО ДООЕЛ Скопје | Перо Ристоски 100% |
| РА Сити | ТРД СИТИ РАДИО ДООЕЛ Скопје | Дарко Гелев 100% |
| РА Скај | ТРД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ Скопје | Теодор Манески 100% |
| РА Роса АБ | ТРД РАДИО РОСА-АБ ДОО Скопје | Александар Димитров 100% |
| РА Џез ФМ | ТРД ЏЕЗ ФМ Љупчо ДООЕЛ Скопје | Љупчо Хаџи-Стефанов 100% |
| РА Лајф ФМ | ТРД ЛАЈФ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скпје | Крешник Ајдини 100% |
| РА Спортско Канал 4 | ТРД СПОРТСКО РАДИО КАНАЛ 4 ДООЕЛ Скопје | Борче Лукановски 100% |
| Ра 90,3 ФМ | Ф-М 90,3 - СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | Тони Митев 100% |
| РА Фортуна | ТРД РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ | Виолета Божиноска 100% |
| РА Клуб ФМ | ТРД КЛУБ ФМ ДОО | Ѓорѓи Савев 34%, Љупчо Петрески 64% |
| РА Равел | ТРД РАДИО РАВЕЛ ДООЕЛ Скопје | Влатко Милев 100% |
| РА Арачина | ТРД АРАЧИНА, Џавид ДООЕЛ, село Арачиново, Арачиново | Џавит Сулејмани 100% |
| РА Класик | ТРД ГАУДЕАМУС РАДИО КЛАСИК ФМ, Мартин ДООЕЛ Скопје | Мартин Тренески 100% |
| РА Ват | ТРД РАДИО ВАТ, Ват-Инос ДОО Скопје | Рахим Кадри 50% и Екрем Кадри 50% |
| РА Буба Мара | ТРД БУБА МАРА Ранко ДООЕЛ Скопје | Ранко Петровиќ 100% |

## Сопственичка структура на ТВ-станиците на локално ниво

| Град | ТРД | Целосен назив на трговското друштво | Податоци за основачот и учеството во капиталот |
|---|---|---|---|
| Битола | ТВ Тера | ТРД ТВ СТУДИО ТЕРА Манговски Зоран Битола ДООЕЛ | Зоран Манговски 100% |
| Битола | ТВ Орбис | ТРД РТВ ОРБИС Битола ДООЕЛ | Томислав Новаковиќ 100% |
| Битола | ТВ Меди | ТРД ТВ МЕДИ Битола ДООЕЛ | Кирчо Крстевски 100% |
| Берово | ТВ Топ ТВ | ТРД ТОП ТВ ДООЕЛ Берово | Драган Крҗовски 100% |
| Валандово | ТВ ВТВ | ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово | Тони Донев 71,54% и Димче Балевски 28,46% |
| Велес | ТВ Здравкин | ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес | Ангелче Здравкин 100% |
| Велес | ТВ Канал 21 | ТРД КАНАЛ 21 ДООЕЛ Велес | Зоран Ставрев 100% |
| Гевгелија | ТВ Нова | ТРД ТВ НОВА ДОО | Валентина Џундова 33% Јован Јованов 67% |
| Гостивар | ТВ Дуе | ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар | Назми Елези 100% |
| Гостивар | ТВ Чеграни Медиа | ТРД ТВ ЧЕГРАНИ МЕДИА ДООЕЛ с. ЧЕГРАНЕ - Гостивар | Емрула Чеграни 100% |
| Делчево | ТВ Д1 | ТРД за телевизиски активности ТЕЛЕВИЗИЈА Д1 ДООЕЛ, Делчево | Слободан Дамјанов 100% |
| Долнени | ТВ Лажани | ТРД ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с. Лажани, Долнени | Руждија Хасановиќ 100% |
| Кавадарци | ТВ КТВ-41 | ТРД ТВ КТВ 41, Делта-м електроник ДООЕЛ Кавадарци | Марјан Тодоров 100% |
| Кавадарци | ТВ Тиквешија | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ТИКВЕШИЈА ДООЕЛ Кавадарци | Ване Волчев 100% |
| Кичево | ТВ Ускана | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ | Мунир Мехдиу 100% |
| Кичево | ТВ Боем | ТРД ТВ БОЕМ Слободан Меноски Кичево ДООЕЛ | Слободан Меноски 100% |
| Кичево | ТВ Гурра | ТРД ТВ ГУРРА ДОО Кичево | Неџат Мустафи 100 % |
| Кочани | ТВ Кочани-ЛД | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани | ВИЗИЈА-ЛД Кочани 100% |
| Кочани | ТВ Канал 8 | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани | Благој Ситновски 100% |
| Кратово | ТВ Сител 2 | ТРД Телевизија СИТЕЛ 2 ДООЕЛ, Скопје | Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ, Скопје |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | 100% |
| Куманово | ТВ Феста | ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА Неџати ДООЕЛ Куманово | Неџати Аќифи 100% |
| Куманово | ТВ Далга-Крт | ТРД ДАЛГА КРТ Гордана ДООЕЛ Куманово | Гордана Милковска 100% |
| Куманово | ТВ Нова | ТРД НОВА ДООЕЛ Куманиво | Друштво за производство, трговија и услуги ИТЗ Центар ДООЕЛ увоз-извоз Скопје 100% |
| Куманово | ТВ Хана | ТРД ТВ ХАНА Мевљан ДООЕЛ Куманово | Мевљан Љатифи 100% |
| Крива Паланка | ТВ Злател канал | ТРД ЗЛАТЕН КАНАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје | Друштво за консалтинг и посредување НВСП ДООЕЛ 100% |
| Мак. Брод | ТВ Аниса | ТРД ТВ АНИСА ДООЕЛ с. Пласница - Пласница | Ѓулназа Јаоска 100% |
| Охрид | ТВ Морис | ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид | Јован Трпески 100% |
| Охрид | ТВМ | ТРД ТВ М Арнаудов Михајло ДООЕЛ Охрид | Михајло Арнаудов 100% |
| Охрид | ТВ НТВ | ТРД Зоран Стефановски НЕЗАВИСНА ТВ Охрид ДООЕЛ | Зоран Стефановски 100% |
| Прилеп | ТВ Вижн-БМ | ТРД ВИЖН-БМ ДООЕЛ, Прилеп | Бранкица Мавчева 100% |
| Пробиштип | ТВ Протел | ТРД ПРОТЕЛ ДООЕЛ Пробиштип | Чедо Петров 100% |
| Радовиш | ТВ Ко-Бра | ТРД телевизија КОБРА ДООЕЛ Радовиш | Бранко Литајковски 100% |
| Радовиш | ТВ Еми | ТРД ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш | Еми Петрол ДОО Радовиш 100% |
| Струга | ТВ Калтрина | ТРД ТВ КАЛТРИНА Мазар Татеши Струга ДООЕЛ | Мазар Татеши 100% |
| Струга | ТВ Арт Канал | ТРД ТВ АРТ КАНАЛ Струга ДООЕЛ | Уран Туда 100% |
| Струга | ТВ Спектра | ТДР СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ | Демиш Каримановски 100% |
| Струмица | ТВ Интел | ТРД ИНТЕЛ ДОО Струмица | Анче Запрова 50% Георѓе Запров 50% |
| Струмица | ТВ Вис | ТРД ТВ-КАНАЛ ВИС ДОО Струмица | Јанко Мицев 100% |
| Свети Николе | ТВ Свет | ТРД ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе | Ѓорѓи Дечков 50% и Драган Дечков 50% |
| Тетово | ТВ Коха | ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово | Меваип Абдиу 100% |
| Тетово | ТВ Кисс | ТРД ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово | Злате Тодоровски 100% |
| Тетово | ТВ Арт | ТРД ТВ АРТ Артан ДООЕЛ Тетово | Артан Скендери 100% |
| Тетово | ТВ Менада | ТРД Менада Тетово ДОО Тетово | Тошо Марковски 99% и Дарко Ристоски 1% |
| Тетово | ТВ Супер Скај | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с. Мала Речица, Тетово | Мусљим Азири 100% |
| Центар Жупа | ТВ Жупа | ТРД ТВ ЖУПА Елезовски Елез ДООЕЛ с.М.Папрадник Центар Жупа | Елес Елезовски 100% |
| Штип | ТВ Стар | ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип | Симјончо Маријанов 90% и Розетка Моневска 10% |
| Штип | ТВ Ирис | ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип | Баргала АД 97,57% и Владимир Милановиќ 2,43% |

**Сопственичка структура на радиостаниците на локално ниво**

| Град | ТРД | Целосен назив на трговското друштво | Податоци за основачот и учеството во капиталот |
|---|---|---|---|
| Берово | Скај радио, Берово | ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ, Берово | Веселка Радинска 100% |
| Битола | РА 106 | ТРД РАДИО 106 Битола ДООЕЛ | Кире Христовски 100% |
| Битола | РА Б-97 | ТРД Б-97 ДООЕЛ Битола | Петар Робе 100% |
| Битола | РА Актуел | ТРД РАДИО АКТУЕЛ ДООЕЛ Битола | Владимир Николоски 100% |
| Битола | РА Делфин | ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола | Билјана Талева 100% |
| Велес | РА Це-Де | ТРД Радио ЦЕ ДЕ Валентина Михајловска ДООЕЛ Велес | Валентина Михајловска 100% |
| Велес | РА Мерак 5 ФМ | ТРД РАДИО МЕРАК 5 ФМ, Љупчо и Владимир ДОО Велес | Владимир Тевчев 50% и Катерина Несторова0 50% |
| Велес | РА Голди | ТРД ГОЛДИ Илија Чадиев ДООЕЛ Велес | Маја Чадиева 100% |
| Виница | РА Ла Коста | ТРД РАДИО ЛА КОСТА Петре | Дафинка Костадинова 100% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ДООЕЛ Виница | |
| Гевгелија | РА Тајм | ТРД РАДИО ТАЈМ, Павле ДООЕЛ Гевгелија | Павле Јовановски 100% |
| Гостивар | РА Комета | ТРД КОМЕТА 2000 Раде ДООЕЛ Гостивар | Раде Исајлоски 100% |
| Дебар | РА Мерлин | ТРД РАДИО-МЕРЛИН, Фатмир, ДООЕЛ Дебар | Фатмир Карамети 100% |
| Делчево | РА Зора | ТРД за радиоактивности РАДИО ЗОРА ДООЕЛ, Делчево | Стојанчо Антовски 100% |
| Кавадарци | РА Галакси-2002 | ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци | Нада Ангелова 100% |
| Кичево | РА Александар Македонски | ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ | Илија Таневски 100% |
| Кочани | РА Роса | ТРД РАДИО РОСА ДООЕЛ Кочани | Александар Божинов 100% |
| Куманово | РА КМР | ТРД МУЗИЧКО РАДИО КМР Љубиша и Бобан ДОО Куманово | Јовановски Љубиша 50% и Јовановски Бобан 50 % |
| Куманово | РА Браво | ТРД РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово | Тони Јакимовски 100% |
| Куманово | РА Јехона | ТРД ЈЕХОНА 2003 ДООЕЛ с.Матејче Липково | Бесим Шабани 100% |
| Македонски Брод | РА Морис плус | ТРД РАДИО МОРИС ПЛУС ДООЕЛ Македонски Брод | Пецо Симјаноски 100% |
| Македонска Каменица | РА Македонска Каменица | РДТ РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА ДООЕЛ, Македонска Каменица | Миран Митревски 100% |
| Неготино | РА Микс | ТРД РТВ МИКС Јулија ДООЕЛ Неготино | Јулија Дубровска Манева 100% |
| Неготино | РА Продукција-ЛГН | ТРД ПРОДУКЦИЈА-ЛГН експорт-импорт ДОО | Горан Арсовски 50% и Љупчо Цветков 50% |
| Охрид | РА Ем-Икс | ТРД Зоран Здравковиќ Ем-Икс РАДИО Охрид ДООЕЛ | Зоран Здравковиќ 100% |
| Охрид | РА Супер | Друштво со ограничена одговорност за радиодифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ | Сашо Митаноски 100% |
| Охрид | РА Лав | ТРД Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид | Иванчо Пашоски 100% |
| Пехчево | РА Пехчево | ТРД РАДИО ПЕХЧЕВО Ванчо ДООЕЛ Пехчево | Ванчо Јовановски 100% |
| Пласница | РА Мис 2008 | ТРД РАДИО МИС 2008 ДООЕЛ с. Преглово, Пласница | Ермин Салифоски 100% |
| Прилеп | РА 5 Чоки | ТРД РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ ПРИЛЕП | Илија Бошкоски 100% |
| Прилеп | РА Беса | ТРД Радио БЕСА ДООЕЛ с. Црнилиште | Сафет Мејдиноски 100% |
| Прилеп | РА Риниа 2000 | ТРД РАДИО РИНИА-200, ДООЕЛ с. Црнилиште, оп. Долнени | Севганиа Ибрахими 100% |
| Прилеп | РА Тернипе | ТРД Ќани Исаилоски РАДИО ТЕРНИПЕ (Младост) ДООЕЛ Прилеп | Ќани Исмаилоски 100% |
| Прилеп | РА Мефф | ТРД Јовевски Петко Димитар МАПЕДИТО-РАДИО МЕФФ ДООЕЛ Прилеп | Билјана Јовеска 100% |
| Прилеп | РА Холидеј | ТРД ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ | Диме Андоноски 100% |
| Радовиш | РА Алфа | ТРД АЛФА ДООЕЛ Радовиш | Сузана Настева 100% |
| Жировница | РА Еми | ТРД за производство и емитување ЕМИ - Џевдет ДООЕЛ с. Жировница Ростуше | Џевдет Мехмеди 100% |
| Свети Николе | РА Модеа | ТРД МОДЕА ДООЕЛ Свети Николе | Бобан Ефремов 100% |
| Свети Николе | РА Свети Николе | ТРД РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе | Валентина Арсова 15%, Ристе Панов 15%, Пензиско и инвалидско осигурување Скопје 15% и Меѓународен славјански институт Москва ДООЕЛ Свети Николе 55% |
| Струга | РА Ди-Џеј | Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга | Цане Кенчевски 100% |
| Струга | РА Рапи | Друштво за вршење радиодифузна дејност радио на локално ниво РАДИО РРАПИ Општина Велешта ДООЕЛ | Фисник Бектеши 100% |
| Струга | РА Кики | ТРД КИКИ Илија, ДООЕЛ Струга | Илија Тотовски 100% |
| Струмица | РА Хит | ТРД ХИТ РАДИО ДООЕЛ Струмица | Блаже Масалковски 100% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Струмица | РА Експрес | ТРД ЕКСПРЕС-РАДИО ДООЕЛ Струмица | Ѓорѓи Појразовски 100% |
| Тетово | РА Плус Форте | ТРД ПЛУС ФОРТЕ ДООЕЛ Тетово | Небојша Карапејовски100% |
| Тетово | РА Кисс | ТРД РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово | Габриела Ѓурчиноска 100% |
| Тетово | РА Фама | ТРД РАДИО ФАМА ДОО Тетово | Ајет Демири 50% и Мухамер Асани 50% |
| Тетово | РА Блета | ТРД БЛЕТА ДООЕЛ Тетово | Африм Рамадани 100% |
| Штип | РА Енџелс | ТРД Енџелс ДООЕЛ Штип | Иле Митов 100% |

Издава:

СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

бул. „ВМРО“ бр.3, 1000 Скопје
тел. 3103-400
факс. 3103-401
http: www.srd.org.mk
е-пошта: sovet@srd.org.mk

За издавачот:
М-р Зоран Трајчевски, претседател на Советот

Лектура:
Весна Костовска

Печати:
ГРАФОСЕТ

Скопје,
2012 година

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

654.19:33(497.7)"2011"

АНАЛИЗА на пазарот на радиодифузната дејност за 2010 година. - Скопје : Совет за радиодифузија на Република Македонија, 2012. - 70 стр. : граф. прикази ; 30 см

ISBN 978-608-4605-05-8

а) Радиодифузија - Пазарни аспекти - Македонија - 2011
COBISS.MK-ID 92002314